**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

Меѓународни односи – разрешување на конфликти, дипломатија и човекови права

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**НА ТЕМА**

# *ВЛИЈАНИЕ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА И МИГРАЦИИТЕ ВРЗ ПОДЕМОТ НА ЕКСТРЕМНО ДЕСНИЧАРСКИТЕ ПАРТИИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА*

Ментор:
проф. д-р Рина Киркова

Студент:
Нергис Камил
4907/15

Скопје, 2023

**СОДРЖИНА**

Содржина.....2
Листа на слики и табели.....4
Апстракт.....5
Abstract.....6

**ГЛАВА I**
1. ВОВЕД.....7
1.1 Предмет на истражувањето.....10
1.2 Цели на истражувањето.....12
1.3 Хипотеза.....13
1.4 Методолошка рамка на истражувањето.....14
1.5 Важноста на истражувањето.....15

**ГЛАВА II**
2. ОСВРТ НА ПОЈАВА НА ДЕСНОКРИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ КАКО УВЕРТИРА ВО ПОДМОТ НА ЕКСТРЕМНО ДЕСНИЧАРСКИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ.....16
2.1 Екстремно деснокрилни движења.....19
2.2 Актери на крајно десничарскиот екстремизам.....22
2.3 Екстремната десница – интерен проблем на западните демократии.....24

**ГЛАВА III**
3. ПРИЧИНИ ЗА БЕГАЛСКАТА КРИЗА ОД 2015 ГОДИНА И РУТИ НА ДВИЖЕЊЕ.....25
3.1 Земјите што ја предизвикаа бегалската криза во 2015 година.....28
3.1.1 Авганистан.....30
3.1.2 Сирија.....32
3.1.3 Потсахарска и Северна Африка.....34
3.1.4 Либија.....35

**ГЛАВА IV**
4. УЛОГАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО УПРАВУВАЊЕ СО БЕГАЛСКАТА КРИЗА
4.1 Шенген и Даблински конвенции.....36
4.2 Заеднички европски систем за азил (CEAS).....39
4.3 Новиот Пакт за миграција и азил на Европската Унија.....41
4.4 Глобален договор на ОН за безбедна, уредна и уредна миграција.....46

**ГЛАВА V**
5. ПОДЕМ НА ЕКСТРЕМНО ДЕСНИЧАРСКИ ПРТИИ ВО ДРЖАВИТЕ ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПОД ВЛИЈАНИЕ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА И МИГРАЦИИТЕ.....49
5.1 Екстремно десничарските партии во Европска Унија пред и по бегалската криза.....51
5.1.1 Франција.....51

5.1.2 Германија....57
5.1.3 Шведска....59
5.1.4 Данска....62
5.1.5 Италија....65
5.1.6 Австрија....68
5.1.7 Унгарија....70
5.2 „Европејците“ и нивните ставови за миграцијата и бегалците....75

**ГЛАВА VI**
6. ЗАКЛУЧОК....78

**ГЛАВА VII**
7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА....84
Книги
Документи....85
Анализи....86
Написи во медиумите....88
Интернет-страници....89

**ЛИСТА НА СЛИКИ И ТАБЕЛИ**

**Слика бр.1:** Глобално раселување (од декември 2022 година)

**Слика бр.2:** Типологија на десно крилниот екстремизам

**Слика бр. 3:** Миграциски рути и клучните трети земји

**АПСТРАКТ**

Пристигнувањето на бегалци и баратели на меѓународна заштита (азил) во голем број на европскиот континент во текот на 2014/2015 година беше неизбежно. Нестабилните влади и конфликтите во потсахарскиот и северноафриканскиот регион, како и Блискиот Исток, особено војната во Сирија, поттикнаа многу луѓе да бараат спас на европскиот континент, особено во северните и во западните земји на Европската Унија. Големиот прилив на бегалци, кои за кратко време пристигнаа во голем број, откри значајни празнини на институционално, како и на законодавно ниво, кога се во прашање миграциските политики на Европската Унија.

Неподготвеноста на Унијата да излезе накрај со предизвиците на оваа појава не само што доведе до колективна слабост туку и до незадоволство од страна на одредени земји членки на Европската Унија од неуспешните политики за миграција и баратели на меѓународна заштита (азил) и создаде и поделеност во земјите членки на Европската Унија, како и донесување индивидуални национални решенија, è со цел да ги заштитат своите граници.

Затоа, во нашиот труд, се стремиме да ги истражуваме причините за бегалската криза од 2014/2015 година, која предизвика колективна слабост на Европската Унија да излезе накрај со овој феномен и ги охрабри екстремно десничарските политички партии да станат погласни и повлијателни во приспособувањето на нови политики за миграција и за барателите на меѓународна заштита, како и за нивно репозиционирање во социјалните и владините структури.

**ABSTRACT**

The arrival of refugees and asylum seekers in large numbers on the European continent during 2014/2015 was inevitable. Considering the unstable governments and conflicts in the sub-Saharan and North African regions, as well as the Middle East, especially the war in Syria, has encouraged many people to seek salvation in the European continent, especially in the northern and western countries of the European Union. The large influx of refugees who arrived in large numbers in a short time revealed significant gaps at the institutional and legislative levels when it comes to the migration policies of the European Union.

Unpreparedness of the Union to deal with the challenges of this phenomenon not only led to collective weakness but also the dissatisfaction of certain member states of the European Union with the failed policies for migration and seekers of international protection, creating division in member states of the European Union as well as adopting individual national solutions to protect their own borders.

Therefore, in our paper, we aim to explore the causes of the refugee crisis of 2014/2015, which caused a collective weakness of the European Union to deal with this phenomenon and encouraged far-right political parties to become more vocal and influential in adaption of new migration and asylum seekers policies, as well as for their repositioning in social and government structures

# ГЛАВА I

## 1. ВОВЕД

Масовниот прилив на бегалци низ целиот свет ќе биде значаен лакмусов тест за силата и отпорноста на нашиот демократски систем. Според најновите статистички податоци, 108,4 милиони лица се принудно раселени, над 20 милиони[1] од нив се бегалци. За жал, прогнозите на масовни движења не се добри. Постои голема веројатност дека и во иднина ќе бидат поттикнувани раселување, како резултат на тековните конфликти, новите конфликти, факторите на животната средина, како што се: растечката популација, намалувањето на ресурсите и нееднаквоста на пристапот до нив, еколошките штети, климатските промени и други фактори.




**Слика бр. 1 Глобално раселување (од декември 2022 година)[2]**

Миграциите секогаш биле присутни во историјата, но 2014/2015 година ќе биде запаметена како година кога Европа ја почувствува глобалната димензија на бегалците

[1] Figures at a glance, UNHCR, 14.06.2023 https://www.unhcr.org/figures-at-a-glance.html, пристапено на 3.9.2022.
[2]Figures at a glance, UNHCR, 14.06.2023 https://www.unhcr.org/ph/figures-at-a-glance, пристапено на 3.9.2022.

и нивното влијание на континентот, кога 1 005 504 баратели на азил, како и мигранти[3], пристигнаа на европскиот континент со цел да заминат во северна и западна Европа. Преку опасниот и мачниот пат и тешките услови на море, повеќето мигранти пристигнуваа на бреговите на Италија и Грција, додека другите пристигнуваа преку Турција, продолжувајќи низ балканските држави, во Унгарија. Педесет проценти од бегалците што пристигнаа во Европа беа од Сириската Арапска Република, а другите претежно потекнуваа од Авганистан и од Ирак.

Ваков голем прилив на луѓе и невозможноста на Европската Унија и земјите членки за кратко време да излезат накрај со голем број бегалци и баратели на меѓународна заштита (азил) открија значајни празнини на институционално, како и на законодавно ниво, кога се во прашање миграциските политики, а исто така се создаде поделба во самите земји членки на Европската Унија. Системот на Шенген, кој беше создадена со цел отворени граници во Европската Унија, како и заштита на надворешните граници, се покажа како неподготвеност за излегување накрај со ваков голем флукс на мигранти. Исто така Даблинската регулатива на ЕУ, како алатка што беше создадена со цел да им помогне на земјите членки при регистрација и обработка на барателите на меѓународна заштита (азил), се покажа како не само неправедна туку и неодржлива.

Европската Унија по бегалската криза од 2015 година и по неуспешноста на земјите членки да најдат унитарен јазик и решение за да излезат накрај со голем број баратели на меѓународна заштита (азил) ги натера земјите членки да донесуваат индивидуални национални решенија за да ги заштитат своите граници.

Тоа што може да се забележи се различни согледувања од страна на граѓаните, како и владите, кон миграцијата, кои се сè повеќе видливи и сè повеќе стануваат една од важните теми во европските дебати.

Додека меѓувладините организации, Европската Унија и суверените држави бараат унитарен начин да излезат накрај со миграциските предизвици, тоа што се забележува е невозможноста да се направат одлучни чекори и идни реформи на постојните политики за бегалците и барателите на меѓународна заштита (азил).

---

[3] Irregular Migrant, Refugee Arrivals in Europe Top One Million in 2015: IOM https://www.iom.int/news/irregular-migrant-refugee-arrivals-europe-top-one-million-2015-iom, пристапено на 3.9.2022.

Предизвиците од ваков вид најмногу ги погодија прогресивните партии од Европската Унија. Залагајќи се да ја сочуваат демократијата, своите вредности, како и правата на сите, без разлика на нивната националност, религиска определеност, расна припадност, прогресивните партии се соочија со голем притисок од страна на своите сограѓани, како и од екстремно десничарските партии.

Европските прогресивни партии, кои се соочуваа со пад на поддршката од страна на народот и пред бегалската криза, дополнително се најдоа под притисок од страна на гласачите, како и од традиционални партии и организации. Тоа ги наведе да усвојуваат порестриктивни ставови, како и политики кон миграцијата, сè со цел да добијат поддршка од страна на своите гласачи. Без разлика на ваквите нетрадиционални чекори преземени од страна на прогресивните партии, екстремно десничарските партии продолжуваат со свои политички агенди и политички цели, поттикнувајќи страв и ксенофобија, додека одлуките, како и неможноста на Европската Унија да ги обедини ставовите на земјите членки за предностите, но и негативните ефекти што се создаваат од страна на мигрантите и бегалците, креираат и менуваат долгогодишни европски принципи и вредности.

Тргнувајќи од сè наведено погоре, трудот се стреми да потврди зошто бегалската криза од 2014/2015 година предизвика колективна слабост на Европската Унија, како овој феномен поттикна екстремно десничарските партии, имајќи ги предвид европските општествени и политички слабости, да влијаат кон идните колективни политики на ЕУ, но и политиките во многу земји членки, но и можноста да се етаблираат на политичката сцена, како и да станат дел од владејачкото мнозинство.

Треба да се нагласи дека за да можеме да го сфатиме овој феномен што предизвикува зголемена поларизација во европската политика и општества, секогаш треба да ги согледаме причините и причинителите, пред да имаме цврст став за едното или другото. Од овој аспект, овој труд дава еден холистички пристап, за да ги разбереме мигрантите, бегалците, како луѓе што се наоѓаат во безнадежна и безизлезна ситуација, кои инстинктивно бегаат од смрт, сиромаштија и насилство, сè со една цел, да можат да имаат подобар, пристоен и безбеден живот, кој цврсто верувам дека секое живо битие го заслужува. Но исто така да ги согледаме перспективите на политичките партии, нивното согледување, борба за власт и владеење, но и од аспект на „Европејците“, кои се чувствуваат нелагодно, резервирани кон мигрантите и бегалците, кои со себе ги носат

своите стравови, трауми, традиции, култури, политички ставови во земјите домаќини што им ги отворија своите врати.

### 1.1 Предмет на истражувањето

Главните вредности на Европската Унија се почитувањето и заштитата на човековите права и слободи, културната разновидност, плурализмот, меѓусебната соработка и толеранцијата врз која е градена Европската Унија. Сите овие вредности се наведени во Договорот од Лисабон[4], кој впрочем е најважен договор на ЕУ. Почнувајќи од оваа гледна точка, овој труд ќе се обиде да разбере зошто доаѓањето на голем број бегалци го доведува во прашање постоењето на одредени европски вредности и предупредува на зголемена национална себичност и нетолеранција преку подемот на екстремно десничарските политички партии во Европската Унија.

По првата глава, каде што го елаборираме предметот на истражување, целите, методолошката рамка, како и важноста на ова истражување, понатаму продолжуваме со втората глава и даваме осврт на појавата на екстремно десничарки групи, актерите на крајно десничарските движења, како и нивните екстремни насилства во демократските општества. Исто така, даваме дефиниција за поимите и разликите меѓу левицата, десницата и меѓу радикалните и екстремните верзии на екстремната левица и екстремната десница.

Третата глава на овој труд се осврнува на миграцијата и на бегалската криза што што се случи во 2015 година, масовните движења на мигранти, беглаци и баратели на меѓународна заштита (азил), кои се упатија кон Европската Унија и предизвикаа хуманитарна катастрофа, како и политички предизвици. Ќе бидат разгледани и бегалските рути, почнувајќи од конфликтните земји во Блискиот Исток и Африка, преку транзитните земји, до крајната дестинација, а тоа се западните европски земји. Исто така, ќе се осврнеме и во кратки црти ќе ги анализираме земјите од каде што потекнуваат бегалците и барателите на меѓународна заштита (азил), кои ја предизвикаа бегалската криза во 2015 година.

---

[4] Договор од Лисабон, Консолидирани верзии на Договорот за Европска Унија и Договорот за функционирање на Европската Унија, 2010, Kondrad -Adenaure-Stiftung во Република Македонија, https://www.sep.gov.mk/data/file/Publikacii/Dogovor%20od%20Lisabon(1).pdf, пристапено на 5.9.2022.

Во четвртата глава на тезата, фокусот се насочува кон улогата на Европската Унија кон излегување накрај со бегалската криза, поточно меѓународните договори, како и договорите на Европскиот парламент и советот, правните регулативи и инструменти, за нивните цели, предизви и слабости, кои особено се истакнаа при бегалската криза од 2015/2016 година.

Петтата глава со одредени примери на земји членки на Европската Унија, дава една генерална слика на политиките на популистичките и екстремно десничарските политички партии, нивната историја, нивните реторики, како и политички платформи, низ призмата на миграции, баратели на меѓународна заштита (азил), за време и по бегалската криза. Исто така во оваа глава имаме елаборирано холистички пристап, кој како цел има да ги согледа културните, демократските, економските влијанија, како и интеграциските процеси што имаат голема улога при создавање на една голема слика за Европската Унија кога се во прашања мигрантите, бегалците, барателите на меѓународна заштита (азил), како од аспект на граѓанинот („Европејците“) така и од аспект на мигрантите.

Овој труд се стреми кон откривање на предизвикот со кој се соочува Европската Унија по бегалската криза и во последниве години, во врска со неуспешните политики за миграција и азил, што предизвикува голема загриженост и поведува прашања за основните вредности, легитимитетот и капацитетот на владините институции за излегување накрај со приливот на бегалците во Европска Унија. Разгледана е улогата на екстремно десничарските партии при донесувањето на одредени политики, како и нивното репозиционирање во одредени општествени, како и владини структури. Воспоставените системи очигледно се покажаа како нефункционални и не ги обединија земјите на Европската Унија за распределба на обврските и одговорностите во излегувањето накрај со бегалската криза од 2015 година, како и да се запре нелегалната миграција. Ќе стане збор за кршењето на основните човекови права на бегалците и барателите на азил, со што се откриваат слабостите на институциите на Европската Унија, но и напорите што се даваат со цел да се најдат најповолни политики за миграциите. Потоа ќе стане збор и за неможноста на земјите да излезат накрај со миграцијата, како и проблемите со кои е соочува и третата генерација на емигранти, како и за претпоставката дека вредностите на Европската Унија се резервирани само за „Европејците“. А тоа се докажа и со војната меѓу Русија и Украина, која предизвика

милиони бегалци од Украина, кои беа пречекани од сите европски земји со голема солидарност и брза мобилизација со унифициран став и политика.

### 1.2 Цели на истражувањето

Како што елабориравме погоре, главната цел на овој истражувачки труд е корелацијата на имиграцијата и бегалските кризи со подемот на екстремно десничарските политички партии во Европската Унија и нејзините земји членки. Улогата на Европската Унија во управувањето со бегалската криза е во тоа што носителите на одлуки ја преземаат контролата од други актери на ниво на ЕУ и на национално ниво.

Примарна цел на оваа студија не е само да се направи една корелација меѓу миграциските текови, неможноста на Европската Унија да најде соодветна унитарна политика што ќе ги унифицира ставовите на сите земји членки, туку и да се побара соодветна и трајна солуција. Тоа што е евидентно е дека прашањата поврзани со миграциите сѐ повеќе предизвикуваат политички, како и општествени дебати на глобално ниво, но особено во Европската Унија, а предизвикуваат и подем на екстремно десничарските партии.

Овој труд дава осврт и на причините за подемот на екстремно десничарските партии, но и причините за менување на бегалските политики на земјите од Европската Унија во насока на отежнување на условите за барање азил и останување на бегалците на посакуваните дестинации. Како резултат од неуспешноста во излегување накрај со предизвиците на миграциските текови, политичките партии од екстремно десничарскиот блок освојуваат важни политички позиции, но и влијанија во креирање на идните миграциски политики на Европската Унија и во владите што се предводени од социјалдемократите и од зелените. Нивното политичко позиционирање ги менува законските мерки за да се спречат или да се одвратат бегалците, но и да се скратат правата на барателите на азил што пристигнуваат во земјите членки на Европската Унија.

## 1.3 Хипотеза

Овој истражувачки труд има цел да го покаже влијанието на бегалците врз Европската Унија, врз нејзините институции и врз политичките партии, поточно екстремно десничарските партии и нивната моќ.

Поконкретно, главната хипотеза на овој магистерски труд е да се прикаже како Европска Унија излегува накрај со миграциските текови и како екстремно десничарските партии ја користат бегалската криза за да ги мобилизираат гласачите и да ја зголемат политичката моќ.

Со општата хипотеза, која укажува на корелација меѓу миграцијата, бегалската криза, правата на бегалците и подемот на екстремно десничарските партии во земјите на Европската Унија, овој истражувачки труд ги потврдува следните генерални хипотези:

- Европската Унија и нејзиното справување, односно неуспешноста во справување со бегалците, доведе до институционална криза и внатрешно несогласување, што дополнително ја оптоварува внатрешнополитичката криза на Европската Унија.
- Ефектот од бегалската криза во 2015 година, со што се зголеми важноста на суверенитетот на поединечните земји на ЕУ, дополнително ги зацврсти ставовите на земјите членки за неуспехот на Даблински регулативи, Пактот за миграција, како и на Глобалната спогодба за безбедна, уредна и редовна миграција на Обединетите нации.
- На актуелните политики на Унијата и на поединечни земји членки за излегување накрај со илегалната и легалната миграција, барателите на меѓународна заштита (азил) и интеграцијата на мигрантите им недостига унифицирана политика, која се користи како една од алатките за критики од страна на популистичките и екстремно десничарските политички партии, сè со цел да се мобилизираат гласачите и да се зајакне нивното политичко владение.
- Предизвиците на Европската Унија и нејзините земји членки во интегрирањето на мигрантите се во борбата против политиките што поттикнуваат антимиграциски чувства кај јавноста и создаваат нездрав национализам, што се прелева кон екстремно десничарските политички партии.

## 1.4 Методолошка рамка на истражувањето

Истражувањето на оваа магистерска теза главно се потпираше на примена на квалитативна стратегија со индуктивен пристап, квалитативна анализа на содржината со фокус на текстуални содржини на националните и меѓувладините инструменти што ги регулираат правата и обврските на миграција и бегалците. Оваа методолошка техника се искористи во процената на содржината и информациите добиени од пишаните документи и други материјали и даде одговори на истражувачките прашања. Овие прашања овозможија да се одреди степенот до кој се штити постојната законска регулатива во институциите на Европската Унија и како создавачите на политиките на ЕУ излегуваат накрај со бегалските кризи и миграции. Во истражувањето исто така се користеше компаративна анализа на политиките на неколку европски земји членки и нивниот начин на излегување накрај со кризата, како и поделбата на моќта и обврските меѓу институциите на ЕУ, што се рефлектира преку Даблинскиот систем. Во ова истражување се споредуваат некои променливи показатели на културните, демократските и економските разлики меѓу бегалците и граѓаните на земјите членки на Унијата и неподготвеноста на институциите за интеграциските процеси на бегалците во општествата, поврзаноста меѓу миграцијата (кризи на бегалците) и растечката моќ на екстремно десничарските партии во Европската Унија.

Во вториот дел од истражувањето се елаборираат неколку држави членки на Унијата, случаи што насочуваат кон основната хипотеза и помошните тези. Случаите ќе ни овозможат да ја потврдиме хипотезата за објаснување на политичкиот, социјалниот и културниот одговор кон миграцијата и порастот на екстремно десничарските партии во овие земји.

Применети се концептите што неодамна се појавија на радарот на политичките партии во Европа, „бегалска криза“, која се чини дека нуди добра можност за креаторите на мислењето и популистичките партии да ги поттикнат своите тврдења дека нацијата ја губи контролата врз сопствените граници и суверенитет.

Иако истражувањето е претежно теоретско и се заснова на пишани материјали (други истражувачки постапки не се можни поради низа објективни и субјективни пречки), важно е да се разбере принципот на селектирање на текстовите што ќе бидат

анализирани. Во анализата на теоретските материјали, ќе се користат книги, истражувања, статии и слично, станува збор за избрана литература од понов датум.

### 1.5 Важност на истражувањето

Важноста на овој труд е повеќедимензионална. Како прво, со овој труд доаѓаме до заклучок дека Европската Унија уште нема постигнато унитарен став што ќе ги задоволи сите земји членки за идните политики, како и законските решенија. Најновите решенија како измена на одредени закони носат голем финансиски товар, тој товар дополнително ќе се чувствува, особено во моментот кога Европска Унија одвојува голем дел од својот буџет за војната, како и за хуманитарна помош за Украина.

Трудот аргументира дека ваквите порестриктивни, моментални или краткорочни технички решенија, како на пример засилувањето на граничните премини со софистицирани технологии и идните планови на отворање на центри за барателите на меѓународна заштита (азил) надвор од границите на Европската Унија, не само што го ставаат во прашање интегритетот на Европската Унија и нејзините демократски начела туку доведуваат и до кршење на човековите права, правата на бегалците, како и повелбите и историските договори потпишани од сите земји членки, но како најважно и иднината на самата Унија.

И како сублимат на сите горенаведени заклучоци доаѓаме до главниот заклучок дека екстремно десничарските политики и политички партии, кои сè повеќе ја заземаат политичката сцена и во некогаш најдемократските земји членки на Европската Унија, можат во иднина да го сменат не само текот на миграциските движења туку и на самата Унија, што сигнализира дека демократијата и почитувањето на универзалните човекови права можат да се најдат на стаклени нозе.

Но најголема важност на оваа студија е објективниот и холистички пристап што води кон реалната состојба, каде што и самите креатори на Европската Унија треба да се соочат и да ја прифатат реалноста дека досегашните политики не беа плодни, исто така дека не постои универзална политика што ќе ги задоволи сите засегнати страни, како и дека не постои универзална обврзувачко прифатена правна рамка каде што сите мигранти, бегалци и баратели на меѓународна заштита (азил) без преседан ќе бидат заштитени и достоинствено третирани. Постои само разрешување на коренот на

проблемот, а тоа се политики насочени кон стабилизација на земјите од каде што потекнуваат мигрантите, бегалците и барателите на меѓународна заштита (азил).

# ГЛАВА II

## 2. ОСВРТ НА ПОЈАВАТА НА ДЕСНОКРИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ КАКО УВЕРТИРА ВО ПОДЕМОТ НА ЕКСТРЕМНО ДЕСНИЧАРСКИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Уште пред бегалската криза, земјите од Европската Унија се соочуваа со екстремно десничарски групи, кои во дадени моменти стануваа и милитантни. Земјите од Унијата донекаде успешно излегуваа накрај со екстремните десничарски групи и генерално во земјите од Унијата власта ја водеа левичарските партии или умерено десничарските партии. Но, во периодот од 2000 година, а особено по терористичките напади врз САД од 11 септември 2001 година, влијанието врз екстремно десничарската идеологија се зголеми, претежно во европските држави.

Во периодот по нападите врз САД, западните демократски држави доживуваа постојан притисок, па и насилство од страна на десничарски екстремистички групи. Континуирано се случуваа инциденти, како на пример исламофобично насилство, антиимигрантско насилство, антивладини напади и напади врз политичките противници, етничките малцинства и хомосексуалците. Од оваа појава не беа поштедени ниту европските држави ниту САД, каде што беше забележан пораст на деснокрилен екстремизам и политичко насилство во форма на бели супремисти, неонацисти и расисти. За меѓународната јавност овие настани не беа медиумски покриени ниту потенцирани. Само неколку од овие инциденти добија внимание од медиумите и од меѓународната јавност. Тоа е така бидејќи десничарските екстремистички напади се сметаа претежно како изолирани настани во споредба со нападите на милитантните исламистички организации и со нив државите веруваа дека можат лесно да излезат накрај.

Во Германија, таканаречената ќелија на National Socialist Underground (NSU) спроведува три бобашки напади и 15 вооружени грабежи. Во периодот помеѓу 2000 и

2007 година биле убиени 10 лица, а се обиделе да убијат 43 лица[5]. Во Норвешка, на 22 јули 2011 година, терористичкиот напад од деснокрилниот екстремист Андерс Брејвик заврши со 77 жртви[6]. На 17 јуни 2015 година во Чарлстон, Јужна Каролина, САД, од страна на 21-годишен бел супремист биле убиени 9 црни верници[7]. Во Питсбург, САД, на 27 октомври 2018 година, од страна на деснокрилен екстремист беа убиени 11, а повредени 7 лица. Ова беше најсмртоносен чин на антисемитско насилство во американската историја[8]. На 6 ноември 2018 година, во Франција беа уапсени шест лица, деснокрилни екстремисти, кои планирале напад и убиство на претседателот Емануел Макрон[9]. Во Шпанија, на 8 ноември 2018 година, позицијата спречила планиран напад врз шпанскиот премиер Педро Санчез. Обидот за атентат го испланирал 63-годишен неофашист, кој сакал да се одмазди за плановите на шпанската влада да ги ексхумира и пресели останките на поранешниот шпански диктатор Франциско Франко[10].

Ова се само дел од нападите извршени во западните демократии од деснокрилни екстремисти, а насочени кон недомицилната популација. Иако овие појави претставуваа најава за подем на екстремно десничарската идеологија, западните демократии делумно успешно излегуваа накрај со овие изолирани и екстремни насилства и сметаа дека се подготвени за нивно сузбивање. И додека милитантниот екстремен исламизам по нападите од 11 септември доби етикета на тероризам, за овие настани малку се пипуваше, малку се говореше и не беа сметани како потенцијален проблем, туку се сведуваа на кривични дела извршени од страна на изолирани заблудени поединци.

Но всушност основниот проблем беше во дефинирање на поимите и концептите на крајната десница, радикална десница или екстремна десница, или концептите како

---

[5] Erin, Miller, “Ideological Motivations of Terrorism in the United States, 1970-2016”, College Park, Maryland, 11. 2017, https://www.start.umd.edu/pubs/START_IdeologicalMotivationsOfTerrorismInUS_Nov2017.pdf, пристапено на 20.9.2022.

[6] Unni, T. and Puckett, K.M, “The Mystery of the Lone Wolf Killer: Anders Behring Breivik and the Threat of Terror in Plain Sigh”, Pegasus Books,2017, стр. 280.

[7] Gary, M. J, “Surviving Mass Victim Attacks”, Rowman & Littlefield, 2018.

[8] Zezima, K. and Wesley L, “Suspected synagogue shooter appears to have railed against Jews, refugees online”, Washington Post, 10.27.2018 https://www.washingtonpost.com/national/suspected-synagogue-shooter-appears-to-have-railed-against-jews-refugees-online/2018/10/27/e99dd282-da18-11e8-a10f-b51546b10756_story.html, пристапено на 24.11.2022.

[9] Jarry, E, “France arrests six over plot to attack Macron: official”, Reuters, 11.06.2018 https://www.reuters.com/article/us-france-security/france-arrests-six-over-plot-to-attack-macron-officialidUSKCN1NB1KX , пристапено на 24.11.2022.

[10] BBC News, “Spain Sánchez 'attack plot': Police arrest gun suspect”, 11.08.2018 https://www.bbc.com/news/world-europe-46138158, пристапено на 24.11.2022.

екстремно деснокрилно насилство, екстремен деснокрилен тероризам и криминал од омраза. Овие поими често се употребуваат, но треба да се внимава за да се избегне двосмисленоста, односно треба да се користат на прецизен начин во контекст на феноменот што се анализира.

Термините левокрилен и деснокрилен потекнуваат од Француската револуција и се тесно поврзани со идејата за егалитаризмот: додека левичарите генерално ја поддржуваат политиката дизајнирана да ја намали социјалната нееднаквост, десничарите сметаат дека социјалната нееднаквост и соодветните социјални хиерархии се неизбежни, природни и пожелни. Десно од традиционалните конзервативни партии се наоѓа крајната десница, која се карактеризира со авторитаризам и нативизам (наука за вроденоста на некои сфаќања, поими и вистини – за разлика од оние што се стекнати со искуството или со воспитувањето). Исто така, може да се направи разлика и меѓу радикалните и екстремните верзии на екстремната левица и екстремната десница, при што радикалните движења се стремат за промена во рамките на демократијата, додека екстремистичките движења ја отфрлаат демократијата и се подготвени да применат насилство или други неконвенционални методи за да ја постигнат својата цел.

Според дефиницијата на Европол, крајно деснокрилните терористички групи „настојуваат да го променат целиот политички, социјален и економски систем во форма на екстремистички десничарски модел, чии идеолошки корени потекнуваат од националсоцијализмот“[11].

Крајно десничарскиот екстремизам е многу поширок концепт што опфаќа разновиден спектар на групи со различни идеологии, почнувајќи од младински улични банди до неонацистички терористички ќелии, па сè до антиисламски активисти, па дури и регистрирани политички партии што сакаат да влијаат врз промените преку политичкиот систем. Сепак, постојат некои детерминирачки карактеристики како што се: расизам, ксенофобија, ултранационализам и авторитаризам.

Едно од прашањата што се проблематични, а се поврзани со идентификување и соодветно класифицирање на десничарскиот тероризам, е недостигот на јасност меѓу различните концепти користени за опишување на оваа форма на политичко насилство.

[11] “TE-SAT 2013 EU Terrorism Situation and Trend Report”, European Police Office, 2013 https://www.europol.europa.eu/publications-events/main-reports/te-sat-2013-eu-terrorism-situation-and-trend-report , пристапено на 2.3.2023.

Всушност, многу инциденти предизвикани од десничарски тероризам се анализирани во рамките на концептот „криминал од омраза“, а со тоа споделуваат слични карактеристики со тероризмот[12].

Криминалот од омраза, кој е дефиниран како „кривично дело мотивирано од пристрасност кон жртвата или жртвите, одредена перципирана идентитетска група“ – може да се манифестира преку желбата да се „тероризира пошироко целна група“ или да се создаде состојба на заплашување, вклучително и преку говор на омраза. Сличностите и врската меѓу криминалот од омраза и тероризмот се појавуваат бидејќи жртвата на кривичното дело е избрана поради својот групен идентитет, не поради индивидуалното однесување. Целта на тероризмот и криминалот од омраза е да се изврши терор врз поголема група луѓе од онаа врз која директно е извршено насилство.

Меѓутоа, одредени аналитичари не се согласуваат со ова тврдење бидејќи сметаат дека овие две форми на насилство се всушност две различни форми на насилство. Тврдењето е засновано на клучни разлики како што се непланското и спонтано извршување на криминалот од омраза, целна група на криминалот од омраза се малцинските групи и овие кривични дела имаат слаб публицитет во јавноста. При разгледувањето на криминалот од омраза може да се заклучи дека овој вид криминалитет ги напаѓа општествените вредности и норми како што се еднаквоста, слободата и основните човекови права. Сепак, можеме да се согласиме дека меѓу тероризмот и криминалот од омраза постојат сличности, а тоа се начинот на извршување и создавањето перцепција на страв.

## 2.1. Екстремно деснокрилни движења

Она што ги разликува екстремистите од радикалите е дека екстремистите ја отфрлаат демократијата и го промовираат насилството, преку незаконски или недемократски средства, кои ги сметаат за легитимни. На пониско ниво, разликуваме три поделби на екстремни десничарски движења: културни националисти, етнички националисти и расни националисти.

[12] James, J. & Kimberly, P, “Hate crimes: criminal law & identity politics”, New York: Oxford University Press, 1998.

- Културните националисти обично ги претставуваат радикалните десничарски популистички партии и движења што се борат против имиграцијата и исламот. Овие партии и движења генерално работат во рамките на демократските вредности и не промовираат насилство, иако може да се разликуваат во степенот на преземени радикални мерки. Тие користат насилна реторика, а противниците ги нарекуваат „предавници“. Овие движења обично не се преокупирани со расните разлики, туку се фокусираат на културните разлики, тврдејќи дека исламот е некомпатибилен со западната култура и општество. Затоа, тие промовираат асимилација, односно идеја имигрантите од различно етничко и културно потекло да ја напуштат својата оригинална култура и да ја усвојат западната култура[13].

- Етнички националисти. Пример за екстремно деснокрилно националистичко движење во Европа е „Идентитарно движење“ (Identitarian Movement). Тие воопшто не сакаат да зборуваат за „раса“, туку го користат поимот за „етнички идентитет“. Тие веруваат дека сите етнички групи имаат еднакво право на опстанок и заштита. Според нив, за да се одржи етничката разновидност и да се зачуваат етничките уникатни норми, карактеристики и култура, етничките групи треба да егзистираат одделно. Оваа идеја честопати се нарекува „етноплурализам“[14] (одредена територија смее да припаѓа единствено на оние што поседуваат долга крвна линија на предци со потекло од неа) и се споредува со „апартхејдот“ (политика на расна дискриминација, делење на населението врз расна основа). Според нив, етничкото мешање и асимилацијата се сметаат за штетни. За разлика од културните националисти, етничките националисти имаат тенденција да се дистанцираат од многу основни либерални вредности и промовираат конзервативни погледи во родовата улога. Тие остро се спротивставуваат на имиграцијата и ја промовираат теоријата на заговор за „големата размена“[15]. Тие тврдат дека глобалните либерални елити присилно во Европа доведуваат неевропски народи и прават „геноцид на домородното европско население“. За да се спречи тоа, според нив, сите луѓе што не се етнички Европејци ќе треба да се вратат во своите

---

[13] Lars, E. B, “The Anti-Islamic Movement: Far Right and Liberal” Florence: European University Institute, PhD Thesis, 2018
https://cadmus.eui.eu/handle/1814/51864.
[14] Raphael.S, “Against Old Europe: Critical Theory and Alter-Globalization Movements”, Routledge, New York, 2016.
[15] Byrd, D. & Miri, S.J, “Frantz Fanon and Emancipatory Social Theory: A View from the Wretched”, Leiden, Boston: Brill, 2020.

матични држави. Оваа теорија подоцна ја прифаќаат и културните и расните националисти, а беше дел од манифестот на деснокрилниот терорист Брентон Тарант. Тој на 15 март 2019 година, во градот Крајстчерч, Нов Зеланд, изврши масовен терористички вооружен напад во кој мета биле локалните муслимани. Во нападот загинаа 51 лице. Напаѓачот ја искористил социјалната мрежа „Фејсбук" за во живо да го емитува вооружениот напад, а исто така на 73 страници напишал манифест со наслов „Големата размена", во кој се спротивставува на имиграцијата, искажувајќи ги своите политички ставови.

- Расните националисти се борат за општество засновано врз идеи за расна чистота и ги прифаќаат тоталитарни принципи. Тие црпат идеолошка инспирација од идеи добиени од националниот социјализам, фашизмот, христијански идентитет или варијантите на превласт на белата раса. Нивниот поглед на светот обично се заснова на антисемитските теории на заговор, тврдејќи дека Евреите промовираат имиграција, егалитаризам (исти права за секого) и расно мешање за да ја уништат белата раса. Овие движења ги отфрлаат демократијата и идеите за универзалните човекови права и сметаат дека насилството е неопходно и легитимно за постигнување на нивните цели. Тие очекуваат дека на крајот ќе дојде до расна војна, во која ќе се залагаат „расните предавници" и луѓе од „погрешната раса" да бидат истребени или, во најмала рака, да бидат протерани од земјата.

Разликите меѓу овие три типа екстремни десничарски движења никогаш не се стриктно поделени. Иако одредени групи можат да бидат класифицирани во некоја од овие поделби, тие во голема мера меѓусебно соработуваат и се потпираат едни на други.




Слика бр. 2 Типологија на деснокрилниот екстремизам

### 2.2 Актери на крајно десничарскиот екстремизам

Постојат неколку актери што го практикуваат крајно десничарскиот екстремизам:

- Банди составени од млади лица, бели супремисти и скин-хедс групи; Ова се групи од млади лица, во најголем процент под 18-годишна возраст, кои оперираат на локално ниво. Овие групи се обединуваат околу популарните екстремно десничарски симболи, на кои можеби и не им го знаат значењето. Овие групи честопати немаат силен лидер и организациски капацитет. Белиот национализам или супремизам е идеологија што се залага за расната доминација на националниот идентитет на белите луѓе, а е поткрепена со поимот бела надмоќ – вербата во надмоќ на белата раса и инфериорност на сите други раси. Иако тие функционираат во мали групи на локално ниво, дел се од масовната мрежа што ги поврзува на глобално ниво.

- Терористички ќелии и осамени индивидуални терористи; Оваа категорија опфаќа поединци и мали групи што вршат планирани акти на насилство, мотивирани од екстремно десничарските идеологии. Поединците може да бидат поврзани со групи или да биле дел од разни групи во текот на своето идеолошко усовршување. Андерс Брејвик беше осамен актер што бил дел од неколку политички партии и движења и пред да го изврши терористичкиот напад имал подршка од истомисленици на интернет-мрежата. Мала група може да формира терористичка ќелија, која може да биде самостојна или поврзана со глобална организација[16].

- Политички партии, движења и паравоени групи; Десничарските политички партии и движења се обидуваат да се организираат локално и на национално ниво и да влијаат врз локалната и врз националната политика. И покрај тоа што групите со неонацистички предзнак честопати се контролирани од безбедносниот систем, тие се адаптираат на овие услови и тајно работат спротивно на законите. Политичките групи со текот на времето можат да се трансформираат од неонацистички во поумерени радикални деснокрилни партии. Паравоените групи сѐ повеќе се формираат и честопати се во сојуз со политичките движења и партии во Централна и Источна Европа. Во Полска и Словачка, овие паравоени сили се формирани според Унгарската гарда, која беше расформирана од Трибуналот на Будимпешта во 2009 година. Ваквите цивилни милиции тврдат дека нивната функција е да го одбранат цивилното население во отсуство на власта. Оваа обука ја спроведуваат мали групи со околу 10 до 17 лица, како неформална социјална активност во кампови. Пример за ова е Словачката паравоена група формирана во 2012 година, кој броела дури 200 членови, а клучни активности им биле воена обука во комбинација со пансловенска и проруска идеолошка индоктринација[17].

- Нативистички, идентитарните и антиисламски движења; Оваа категорија спаѓа во рамките на европската крајна десница, широко заснована врз зачувување на етничкиот и културниот идентитет и спротивставувањето на имиграцијата и мултикултурализмот. На тој начин се залага за одбрана и заштита на западните и националните вредности од страна на нивните непријатели и инфилтратори, во кои спаѓаат азилантите, исламот, мултикултурализмот и сите оние што ги поддржуваат.

[16] Dobratz, B.A. & Buzzell, T. & Waldner, L.K, “Power, Politics, and Society: An Introduction to Political Sociology”, Routledge, New York, 2015.
[17] Mesežnikov, G. & Bránik, R, “Hatred, violence and comprehensive military training, Political Capital”, Budapest, 2017.

Идентитарните движења (Identitarian movements) со корени во Франција подоцна се појавуваат и во Холандија, Германија и нордиските земји. Антиисламските движења во голема мера добија на интензитет по терористичките напади на 11 септември и се меѓународно поддржани во Европа и во Северна Америка. Истакнати антиисламски идеолози како Памела Гелар и Роберт Спенсер се вклучени во прекугеничен дијалог и партнерства со европски групи како „Стоп за исламизацијата на Европа“[18].

Ова се различни категории со различни нивоа на значење. Тие се идеолошки поврзани, меѓу нив има преклопувања, честопати во однос на личните врски и припадноста во различни групи. Оваа типологија ни го претставува збирот на актери што спаѓаат под терминот крајно десно. Сите тие заедно го формираат јадрото на екстремизмот, поткрепен од комплексна инфраструктура (историја, социоекономски контекст, јавното мислење и политика) што придонесува за негова експанзија.

### 2.3 Екстремната десница – интерен проблем на западните демократии

Екстремната десница, без оглед од кои актери е претставена, е составена од поединци или групи што веруваат во следниве идеали: тие се жестоко националистички настроени, антиглобализациско движење што е против централната власт, ја застапуваат индивидуалната слобода (особено правото на поседување оружје и ослободување од даноци), веруваат во теории на заговор што вклучуваат сериозна закана за националниот суверенитет и личната слобода и веруваат дека личниот и националниот „начин на живот“ е загрозен или е веќе изгубен. За нив заканата е реална и неизбежна и таа доаѓа од специфична етничка, расна или верска група. Тие веруваат во потребата да бидат подготвени за напад со учество во паравоени формации во кои тајно се подготвуваат и обучуваат. Иако различните актери треба да се истражуваат и изучуваат независно, тие претставуваат сериозен проблем за западните демкоратии во кои веќе со децении мултикултурализомот е основно обележје. Оттука може да се заклучи дека приливот на бегалци во епропските држави, а особено масовниот прилив од 2015 година, претставува потенцијален ризик за ширење на антиимиграциски, десничарски, популистички масовни движења низ цела Европа. Овие движења, организирани во мали милитантни

18 Toğuşlu, E. & Leman, J. & Sezgin, İ.M, “New Multicultural Identities in Europe: Religion and Ethnicity in Secular Societies”, Leuven University Press, Belgium, 2014.

групи, покажуваат постојан процес на радикализација и употреба на насилство врз владините претставници и малцинствата и притоа користат експлозив и други форми на терористички тактики, а нивната идеологија е на иста линија со екстремно десничарските политички партии.

Според анализите на нападите, безбедносните агенции се соочуваат со ретка, некогаш спонтана, а некогаш планирана закана, честопати насилна и со смртни последици, а најчеста цел се бегалски домови, џамии, полицијата, па дури и левичарските активисти. Извршителите се поединци или мали организирани групи, без претходни криминални досиеја, па дури и без досие на вмешаност во организирани екстремно десничарски групи.

# ГЛАВА III

## 3. ПРИЧИНИ ЗА БЕГАЛСКАТА КРИЗА ОД 2015 ГОДИНА И РУТИ НА ДВИЖЕЊЕ

„*Човекот, од самиот почеток е миграциски вид. Додека бараа храна, го избегнува непријателот и ги истражуваа новите предели, луѓето се движеле далеку од нивното место на потекло (Африка и Меасопотамија), на крајот населувајќи најголемиот дел од светската маса.*“ [19]

Конфликтите, војните, климатските промени, како и желбата и копнежот за подобар живот, низ децении ги принудуваат поединците, групите, а некогаш и нациите, да бараат побезбедни, а исто така и подобри економски можности во поразвиените земји. Некогаш се мигрирало од исток кон запад, некогаш од Карпатите кон југ, некогаш од север кон југ, а некогаш се мигрирало и преку океаните, особено во периодите на големите војни. Во нашето современие големи миграциски движења се случуваат кон земјите на Европската Унија. Ако се осврнеме на миграциските текови низ историјата, тоа што можеме да го забележиме е дека миграцијата како составен дел на еволуцијата во светот секогаш ќе биде присутна и е движечка сила што придонесува кон развивање на општествата, културите, економиите, но во исто време и движечка сила што може да

[19] Robin Cohen, “Migration”, Andre Deutsch Books, London, 2019, стр. 12.

ги подели општествата, како и да ги доведе во прашање меѓународните и меѓудржавните односи, а понекогаш дури и меѓународната безбедност.

Терминот „миграција“ (мигранти), кој сам по себе подразбира движење, реферира на луѓе што поради различити причини одлучуваат да ја напуштат својата матична земја. Термините како „мигрант“, „бегалец“ или „барател на меѓународна заштита – азил“ се однесуваат на категорија на луѓе што ги напуштиле своите матични земји, но важно е да направиме разлика меѓу овие легални термини.

Терминот **„бегалец“** се однесува на лице што ја има напуштено својата матична земја поради војна, конфликт, сериозно кршење на човековите права и прогонство. Едноставно кажано, поради закана кон животот и како такво, во согласност со меѓународното право и актите на Обединетите нации, има право на меѓународна заштита. Терминот **„барател на меѓународна заштита – азил“** се однесува на лице што ја има напуштено својата матична земја поради исти причини како и бегалецот, но кое законски уште не е признаено како бегалец и чека да добие одлука за своето барање за азил. На секој барател на азил треба да му се овозможи правото да влезе во друга држава од проста причина што барањето азил е човеково право. Додека за терминот **„мигрант“** (емигранти и имигранти) не постои една усвоена правна дефиниција, но многу агенции и меѓународни организации под оваа дефиниција подразбираат личност што ја има напуштено својата земја по свој избор и не спаѓа во категоријата бегалец или барател на меѓународна заштита (азил)[20].

Овие категории на луѓе што ја напуштиле својата матична земја или постојано живеалиште поради страв за своите животи и од сериозни прекршувања на човековите права и прогонства не се во состојба да се вратат во своите матични земји или живеалишта. И затоа, според Женевската конвенција[21] од 1951 година, државите се обврзани да примаат бегалци и да ги разгледаат нивните барања за меѓународна заштита (азил), но ќе нагласиме дека не се обврзани безусловно да даваат меѓународна заштита. Од друга страна, исто така е забрането да ги враќаат во земја каде што нивните животи

[20] Amnesty international, "Refugess, asylum seekers and migrations", дефиниции https://www.amnesty.org/en/what-we-do/refugees-asylum-seekers-and-migrants/, пристапено на 16.3.2023.

[21] Convention and Protocol Related to the Status of Refuges, text of Convenion 1951, text of Protocol 1967 https://www.unhcr.org/1951-refugee-convention.html, пристапено на 16.3.2023.

се во опасност[22]. Тука, исто така, треба да се нагласи дека овие универзални права важат и за мигрантите, иако факт е дека мигрантите не бегаат од прогонство, но и тие имаат право на заштита, како и на човекови права, без разлика на статусот во земјата каде што престојуваат. Сите земји треба да ги заштитат мигрантите од насилство, принудна работа, дискриминација и не смеат да бидат притворени или принудно вратени во своите матични земји ако за тоа нема легитимна причина.

Миграцијата е феномен што ја погодува Европа со децении, претежно по Втората светска војна, кога поради потребата од евтина работна сила на европските општества била носена млада работна сила од некогашните колонии. Големиот број мигранти, со текот на времето, во голема мера ги обликувале овие општества. Тенденцијата на миграција во последните децении се зголемуваше сè повеќе, претежно со мигранти од нестабилни земји, земји зафатени со внатрешни конфликти, па и земји што беа цел на меѓународни воени интервенции. Ваквите прекугранични движења од страна на мигрантите и барателите на меѓународна заштита (азил) претставуваат огромен предизвик не само за Европската Унија туку и за меѓународната заедница, но најмногу за неколку земји членки на Унијата, кои, поради сопствениот економски раст, но и константната потреба од евтина работна сила, преставуваат крајна дестинација за мигрантите што бараат подобар живот за себе и за своите најблиски.

Токму ваков голем предизвик се случи со бегалската криза што почна во 2014 година, а кулминира во 2015 година, кога над милион мигранти шанса за подобар живот видоа во земјите од Европската Унија. Иако Европа како континент секогаш се соочувала со прилив на мигранти, со оваа бегалска криза Европската Унија, но и други држави надвор од Унијата, во голема мера беа изненадени од голем број бегалци што пристигнаа за многу кратко време. Ваквиот голем прилив на луѓе ги покажа неунифицираната политика, како и недостатоците и слабите јавни политики на Европската Унија.

Многумина експерти, но и јавноста, укажуваа дека Европска Унија веќе долги години station наназад се соочува со јавните политики што не се издржливи и долгорочни, како политиките за миграцијата и интеграцијата, контролата на надворешните граници,

[22] Expulsion ( Chapter V., Article 32, 1951 Convention Related to the Status of Refugees), https://www.lewik.org/term/28358/expulsion-chapter-v-article-32-1951-convention-relating-to-the-status-of-refugees/ , пристапено на 16.3.2023.

борбата против организираниот криминал, распоредбата на меѓународната хуманитарна помош, заедничките одговорности и споделување на товарот, заедничката политика на воените интервенции, како и интеграцијата и проширувањето на Европската Унија[23].

Поради горенаведените факти Европската Унија се соочи со криза што исто така ги освести нејзините членки дека за решавање на комплицираните прашања што можат да се појават за кратко време, се бараат брзи и решителни солуции, кои се потпираат на долгогодишни успешни и одржливи заеднички политики. За жал, кризата покажа дека Европската Унија, како и земјите членки, не беа несвесни за неуспехот на своите заеднички политики.

### 3.1 Земјите што ја предизвикаа бегалската криза во 2015 година

Блискиот Исток, како еден најтурбулентен регион во светот, по Арапската пролет, која предизвика конфликти низ целиот регион, но особено во текот на граѓанската војна во Сирија, уште еднаш предизвика голем бран на мигранти и бегалци.

Токму летото 2015 година милиони Сирijци што избегаа од своите домови околу регионот, по изгубената надеж дека ќе се вратат во Сирија, го напуштаа регионот и заедно со други мигранти се упатија кон Европа во потрага по подостоинствен живот[24].

Масовните движења на илјадници луѓе што влегуваа во Европската Унија дневно неколку месеци во 2015/2016 година се водеа претежно по источната медитеранска рута, која се движеше од Турција до Грција, продолжувајќи по западната балканска рута[25] кон ветените земји на северна Европа. Бегалците што беа упатени кон Европската Унија претежно потекнуваа од Сирија, Авганистан, Ирак и Сомалија. Додека другите рути кон Европа од каде што пристигнуваа мигрантите се преку централната медитеранска рута, која вклучува многу тешки, како и опасни патувања преку Средоземното Море од

[23] S. Lehne, M. Muasher, M. Pierini, J. Techau, P. Vimont, M. Yahya, “The Rooths of Europe’s Refugee Crises”, Carnegie Europe, 10.01.2015 https://carnegieeurope.eu/2015/10/01/roots-of-europe-s-refugee-crisis-pub-61465, пристапено на 20.3.2023.

[24] Martin Wagner, “2015 in review: how Europe reacted to the refugee crises”, International Center for Migration Policy Development, 21.12.2015 https://www.icmpd.org/blog/2015/2015-in-review-how-europe-reacted-to-the-refugee-crisis , пристапено на 20.3.2023.

[25] Martin Wagner, “2015 in review: how Europe reacted to the refugee crises”, International Center for Migration Policy Development, 21.12.2015 https://www.icmpd.org/blog/2015/2015-in-review-how-europe-reacted-to-the-refugee-crisis, пристапено на 20.3.2023.

северна Африка, претежно преку Либија, до Италија, а источната медитеранска рута води преку море од Турција до Грчцијаа и западната медитеранска рута преку море од Мароко до Шпанија[26].




**Слика бр. 3 Миграциски рути и клучните трети земји**[27]

Но она што може да се забележи е дека најголем број бегалци не се наоѓаат во земјите членки на Европската Унија, туку се наоѓаат во некои од најсиромашните земји во светот. Како резултат на тоа, меѓународните организации за човекови права во најголем дел ги критикуваа богатите или најбогатите земји низ светот бидејќи не прифатија поголем број бегалци со оглед на своето богатство. Ако ги земеме како пример земјите што беа најпогодени од бегалската криза, како Турција, Јордан, Пакистан, Либан и Јужна Африка, може да се види дека нивното богатство пресметано

[26]"The cenral Mediterranean route: the deadlies migration route-In Focus-2", Reliefweb, 01.05.2018 https://reliefweb.int/report/world/central-mediterranean-route-deadliest-migration-route-infocus-2-march-2018, пристапено на 29.3.2023.

[27] Слика бр.3, "Migration Routes and key third countries", Center for Strategic and International Studies, European Program https://www.csis.org/analysis/europes-migration-maelstrom-its-political-tides , пристапено на 29.3.2023.

заедно е 2 % од глобалниот БДП, а тоа се земјите што примија речиси половина од бегалците во светот. Од друга страна, шесте најголеми економски сили како САД, Кина, Јапонија, Германија, Франција и Велика Британија, кои имаат 60 % од глобалниот БДП, примија помалку од 9 % од бегалците помеѓу 2016 и 2017 година[28]. Дури и ако бројот на бегалци што беа прифатени од страна на Европската Унија е значително помал во споредба со другите земји, влијанието на бегалската криза беше и сè уште се чувствува силно низ цела Европа, што ги алармира европските креатори на политики.

Масовните бегалци што пристигнуваа во 2015/2016 година не само што го привлекоа вниманието на медиумите низ целиот свет, овие бегалски бранови ги алармираа политичарите и експертите, особено Европската Унија, како и нејзините граѓани. По ваков бегалски флукс европските креатори на политики за кратко време од хуманитарен одговор почнаа да заземаат пристап заснован кон порестриктивни правила кон барателите на азил, илегалната миграција, но исто така и да бараат нови правила во надворешната политика, како и да воведат рестриктивни мерки за зајакнување на надворешните граници и слични алатки, сè со цел да ги запрат мигрантите да влезат на територијата на Европската Унија.

Но, за да го разбереме подобро бегалскиот флукс што предизвика криза во Европа и Европската Унија, треба да се осврнеме на земјите на потекло на мигрантите и да се прашаме зошто бегалската криза во вакви размери се случи во 2015 година. Без да се навлезе во елаборирање на геополитичките тектонски промени што почнаа пред бегалската криза, како фактор и последица на тогашната, како и сегашната состојба на миграциски движења, ќе се осврнеме на неколку земји, како и кон нивната нестабилна економска и политичка состојба и турбулентно минато, кои заедно поттикнаа голем прилив на беглаци и баратели на азил пред сè во земјите на Европската Унија.

### 3.1.1 Авганистан

Авганистан е земја што со децении страдаше од воени конфликти, но и честопати беше политички и економски нестабилна земја. Повеќето владетели и влади на

[28] “Rich nations’ self-interes means refugee crises set to get worse, not better”, Amnesty International, 10.04.2016
https://www.amnesty.org/en/latest/press-release/2016/10/refugee-crisis-set-to-get-worse/ , пристапено на 29.3.2023.

Авганистан од почетокот на 20 век биле соборени или убиени додека биле на функција или набрзо откако заминале. Меѓу најголемите предизвици на повеќето владетели на Авганистан било „централно наспроти периферијално“[29] ривалство за владеење, што генерирало внатрешни конфликти.

Но најголемиот предизвикувач на големиот број бегалци од Авганистан се бунтовничките активности предводени од страна на Талибанците, кои предизвикуваа голем број цивилни жртви, нехумани услови за живот, страв за сопствените животи, понижувачки однос кон жената, но и други причини што директно предизвикаа голем број Авганистанци да ја напуштат својата земја барајќи заштита во други земји, особено во западноевропските земји. Ваквата ситуација создаде авганистанската заедница да стане втора по големина група на бегалци во Европа, но и во светот. Според Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации (UNHCR), Авганистан се опишува како земја каде што хуманитарната криза трае 40 години и се очекува голем број луѓе да ја напуштат земјата и во блиска иднина[30].

Без разлика на моменталната хуманитарна ситуација во Авганистан, како решение на големиот прилив на мигранти бегалци, како и одговор на барањата од страна на одредени земји членки на Европската Унија што се соочија со приливот на барателите на меѓународна заштита (азил), како прво се создадоа hotspot approach[31] центри за задржување на барателите на азил. Овие центри, како дел од миграциската агенда што беше претставена од страна на Европската комисија во 2015 година, како цел имаа подобра координација на агенциите на ЕУ и националните власти во надворешните граници на Унијата и побрзо да ги процесираат барателите на азил[32]. Но притисокот од одредени земји членки на Унијата во случајот со авганистанските мигранти (Германија) продолжуваше. По потпишувањето на договорот на ЕУ со Турција во март 2016 година, Германија, која се соочуваше со пораст на барателите на азил од Авганистан, објави дека

---

[29] Joseph J. Collins, “Understanding War in Afghanistan, National Defense University Press”, Washington, D.D. 2011, стр. 22.

[30]“Half a million Afgans could flee across borders-UNHCR”, Reuters, 27.08.2021 https://www.reuters.com/world/asia-pacific/half-million-afghans-could-flee-across-borders-unhcr-2021-08-27/ , пристапено на 3.4.2023.

[31] Hotspots-Italy, ASGI, 31.05.2023 https://asylumineurope.org/reports/country/italy/asylum-procedure/access-procedure-and-registration/hotspots/ , пристапено на 15.6.2023.

[32] Think Tank -European Parliament, “Hotspots at EU external borders: State of play”, 25.09.2020 https://www.europarl.europa.eu/thinktank/en/document/EPRS_BRI(2020)652090 , пристапено на 15.6.2023.

сака да ги врати сите авганистански државјани што не исполниле услови за азил. По притисокот на германската влада и поддршката од страна на Комисијата, Европската Унија, без да го става во дневниот ред пред Европскиот парламент и долгите формални процедури, но и ризикот од кршење на човекови права, почнува преговори со владата на Кабул[33]. Како резултат, на 4-5 октомври 2016 година, за време на донаторската конференција за Авганистан, која се одржа во Брисел, се потпиша Joint Way Forward за миграциски прашања меѓу Европската Унија и Авганистан. Заедничката декларација за миграциска соработка од 2016 година е обновена во 2021 година меѓу ЕУ и авганистанска влада, сè со цел зголемување на враќањето на мигрантите од Европската Унија[34].

### 3.1.2 Сирија

Ерата на Арапската пролет, која ја поттикна надежта за демократија, почитување на човековите права, како и слобода на говорот, а која започна во Тунис, па се прелеа во Египет и во другите земји во Блискиот Исток и Северна Африка, се преточи во крвнички насилства, оставајќи зад себе масовни гробници, реки раселени лица низ регионот, кои останаа да живеат под ведро небо, а тие што не успеаја да се спасат се соочија со сериозна репресија, измачување и тортура.

Поттикнати од бранот на Арапската пролет, а истовремено поделени по верска основа, голем број Сирijци започнаа бунтовничко движење против лидерот Башар ал Асад, со што се придружија на револуцијата, најпрвин со организирање на мирни антивладини протести (2011 година). Граѓаните на оваа земја на почетокот бараа политички и економски реформи, но мирните протести набргу се претворија во брутална војна меѓу бунтовниците, владини трупи и странски поддржувачи[35]. Сиријците, кои се

[33] Luigi Limone, "EU-Afganistan" Joint Way Forward on migration issues": another "surrealist" EU legal text?", Free Group EU, 11.04.2017 http://free-group.eu/2017/04/11/eu-afghanistan-joint-way-forward-on-migration-issues-another-surrealist-eu-legal-text/ , пристапено на 15.6.2023.
[34] Mojib Rahman Atal, "The Asymmetrical EU-Afganistan Cooperation on Migration", The Diplomat, 12.05.2021 https://thediplomat.com/2021/05/asymmetrical-eu-afghanistan-cooperation-on-migration/, пристапено на 15.6.2023.
[35]Diana Al Rifai, "Syrian refugee crises: All your questions answered, Diana Al Rifai", Aljazeera, 25.05.2017 https://www.aljazeera.com/news/2017/5/25/syrian-refugee-crisis-all-your-questions-answered, 25.06.2023.

соочија со екстремни насилства, тероризан, радикализација, територијална фрагментација, беа принудени да си заминат од својата земја. Сириската бегалска криза сѐ уште претставува една од најголемите хуманитарни кризи од крајот на Втората светка војна. Моменталните статистики покажуваат дека од почетокот на војната во Сирија бројот на бегалци што заминале од земјата надминува 5 милиони, од кои 2,4 милиони се деца и повеќе од еден милон се внатрешно раселени лица[36].

На почетокот на кризата во Сирија, режимот на Башар ал Асад од страна на сите земји членки на Европската Унија беше осуден поради репресивно однесување и непочитување на основните човекови права. Но Унијата не успеа да постигне заедничка надворешна и безбедноста политика и да се подготви за бранот бегалци, кој беше извесно дека ќе следува. Релацијата на Европската Унија кон Сирија на почетокот на конфликтот се движеше помеѓу конструктивен ангажман на сирискиот режим до негова маргинализација[37]. Големиот бран сириски бегалци создаде хуманитарни, економски/социјални и културни тешкотии за соседните земји на оваа земја, како и за Европската Унија. Доаѓањето на многу бегалци во Европа создаде криза за која институционалната и законодавната поставеност на ЕУ, особено во тоа време, се чинеше недоволно функционална и доведе до длабоки поделби меѓу земјите членки.

Моментално во земјите на Европската Унија престојуваат над милион сириски бегалци и баратели на азил. Голем број од овие беглаци се сместени во Германија и во Шведска. Во споредба со други мигранти и бегалци, Сиријците полесно добиваат статус на меѓународна заштита, како и други хуманитарни статуси. Предизвиците на сириските бегалци во Европа се рестриктивни политики за обединување на семејствата, легалниот статус, кој е многу стриктен, доведува до зголемување на невработеноста во одредени земји домаќини[38].

---

[36] UNHCR, Operational Data Portal, Refugee Situation, 25.05.2023 https://data.unhcr.org/en/situations/syria , пристапено на 25.5.2023.

[37] Evanthia Balla,” The European Unions Respons to the Syrian Refugees”, E-Inernational Relations, 22.04.2023 https://www.e-ir.info/2023/04/22/the-european-unions-response-to-the-syrian-refugee-crisis/ , пристапено на 27.5.2023.

[38] Syrian Refugee Crises-Globally, in Europe and Cyprus, UNHCR, 18.03.2021 https://www.unhcr.org/cy/2021/03/18/syria-refugee-crisis-globally-in-europe-and-in-cyprus-meet-some-syrian-refugees-in-cyprus/ , пристапено на 27.5.2023.

### 3.1.3 Потсахарска и Северна Африка

Африка, како континент каде што се случија најкрвави и најбрутални војни, поттикнува многу прашања зошто овој континент е дом на војни, конфликти и нестабилности. Како главен фактор низ литературата најчесто се наведува колонијализмот. Колонијалистите, произволно, без да ги разберат етничките, религиозните и културните разлики на многубројните различни племиња што живееле во овој регион, цртале вештачки граници без да ги земат предвид наведените разлики. Други фактори за вековното насилство низ Африка што можеме да ги наброиме се хетерогениот етнички состав на африканските држави, неразвиената демократска култура, како и политичката неспособност за лидерство, корупцијата, неписменоста и нискиот степен на образование, негативен ефект од оптоварување со надворешниот долг и пред сѐ сиромаштијата[39]. Сите овие фактори придонесуваат кон миграциски конфигурации во, но и надвор од континентот, како што се бегалците, внатрешно раселените лица и работните мигранти.

Над 31 милион Африканци живеат надвор од своите матични земји, мнозинството се сепак во рамките на државите од африканскиот континент. Според неофицијални податоци, африканските мигранти се претежно лоцирани во осум субрегионални економски заедници во Африка: 80 % на запад, 65 % на југ, 50 % проценти во централна Африка и 47 % во источниот дел. Додека во Северна Африка 90 % од населението, мигранти и внатрешно раселени лица, се одлучуваат да се преселат надвор од континентот[40]. Земјите на Северна Африка (Алжир, Мароко, Египет, Судан, Тунис и Либија) историски биле и ќе останат значајни земји на дестинација, транзит, заминување на мигрантите. На глобално ниво, од 12,3 милиони мигранти, 4.4 % од светската мигрантска популација е од Северна Африка, од кои 48 % биле сместени во Европа[41]. Во овој број на популација од Северна Африка се вклучени потсахарските мигранти, кои потекнуваат од земјите како Нигерија, Етиопија, Гана и Кенија. Според

---

[39] Aremu Johonson Olasebican, "Conflict in Africa: Meaning, Caouses, Impact and Solutions", International Multi Disciplinary Journal, Ethiopia, 2010, стр. 51.
[40] "Migration Dynamics, Refugess and Internally Displaces Persond in Africa", UN Academic Impact, http://www.un.org/en/academic-impact/migration-dynamics-refugees-and-internally-displaced-persons-africa , пристапено 28.05.2020
[41] Migrational data in Northern Africa, Migration Data Portal, https://www.migrationdataportal.org/regional-data-overview/northern-africa , пристапено на 28.5.2023.

најновите статистики, во Европа бројот на мигранти што потекнуваат од овие потсахарски земји се зголемува, помеѓу 2010 и 2017 година вкупно бројот на сомалиски мигранти се зголемил за 80 000 луѓе, во истиот период вкупниот број на Еритрејците што живеат во Европа исто така се зголемил за околу 40 000.

### 3.1.4 Либија

Како северноафриканска земја, Либија е елаборирана посебно поради посебната улога во миграциските текови. Земјата што е заглавена помеѓу крвавата граѓанска војна од 2013 година и зголемената закана од Исламската Држава (ИД) предизвика големи бранови бегалци и баратели на азил внатре, но и надвор од своите граници, кои, без оглед на големиот ризик и смртоносниот поморски пат, упорно преминуваат преку Медитеранот кон Европа. Либија сè уште е една од најдестабилизираните арапски земји по Сирија, како и главна земја од каде што поминува централната медитеранска миграциска рута на бегалците што доаѓаат од Африка и се упатуваат кон Европа. Геополитичката позиција на оваа земја создава „собиралиште" на бегалци и мигранти што доаѓаат од истокот бегајќи од војни, од конфликти, кои не можат да се запрат, но и од западниот и потсахарскиот регион, кои пак бегаат поради немаштијата и нестабилните влади. Без разлика на моменталната ситуација во која се наоѓа оваа земја, каде што владее неправда, незаконие, финансиска нестабилност, како и различни политички и воени структури што контролираат различни територии на оваа земја, Либија останува една од клучните транзитни рути за мигрантите, бегалците, како и за внатрешно раселените лица, кои порано или подоцна се упатуваат кон Европа[42].

Една од причините за ваквата ситуација е ненаоѓањето на издржлива и пореална политика, како и одржливо решение од страна на меѓународната заедница, но и од Европската Унија, која ќе се однесува на разрешување на конфликтот во Либија, а воедно и на намалување на приливот на бегалци и пад на барателите на азил. Смирувањето на конфликтот во Либија не е само од интерес за Европа туку пред сè е и одговорност на Европската Унија. Кога НАТО, заедно со Арапската лига, ја спроведе акцијата Одговорност за заштита на цивилите во 2011 година, презеде и одговорност да

[42] "Migration Crisis and the Libyan Gate to Africa", Magdalena El Ghamari, 2016 Migration_Crisis_and_the_Libyan_Gat.pdf, пристапено на 27.5.2023.

ја обнови Либија. Но, по падот на Гадафи, европските напори се фокусираа на „градење институции“ без притоа да се создадат основни услови за живот. Во отсуство на темелно решение за многубројните проблеми на либиското население, институциите едноставно не успеаја да воведат ред и безбедност во државата.

Без разлика на институционална криза и нестабилноста на оваа земја, како решение да се запре приливот на голем број мигранти што потекнуваат од Северна Африка и завршуваат на бреговите на Италија, италијанската влада со спонзорство на Европската Унија потпишува договор Меморандум на разбирање (МоУ) со либиската влада во 2017 година. Овој договор, кој е обновен во 2020 година, е дел од пошироката одбранбена стратегија на земјите членки на Унијата, чија цел е да се задржат мигрантите и бегалците надвор од нивните граници[43].

# ГЛАВА IV

## 4. УЛОГАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО УПРАВУВАЊЕ СО БЕГАЛСКАТА КРИЗА

### 4.1 Шенген и Даблински конвенции

Во 1985 година, во малото село Шенген во Луксембург, од страна на пет држави членки на Европската заедница, и тоа Германија, Франција, Белгија, Холандија и Луксембург, беше потпишан договор[44] што се смета како основа на миграцискиот режим. Суштински, основната цел на овој договор беше економска цел, ослободување од долгите и систематски контроли на стоки и лица на внатрешните граници. Но, за да се постигне целта со ваквите внатрешни либерализации, беа усвоени неколку

[43]“Italy-Libiya agreement: Five years of EU-sponsored abuse in Libiya and the central Mediterranean”, Medecins Sans Fronyier, 02.02.2023 https://www.msf.org/italy-libya-agreement-five-years-eu-sponsored-abuse-libya-and-central-mediterranean, пристапено на 30.5.2023.

[44] Schengen Agreement and Convention, EUR-Lex https://eur-lex.europa.eu/EN/legal-content/glossary/schengen-agreement-and-convention.html, пристапено на 2.6.2023.

дополнителни мерки засновани на безбедноста и насочени кон усогласување на стандардите на граничните контроли кон надвор. За да се постигне слободно движење во заедничките внатрешни граници, во 1990 година, како дополнување на првичниот договор, беше потпишана Шенгенската конвенција[45], која предложи целосно укинување на систематските контроли на внатрешни граници и заедничка визна контрола. Оваа конвенција доведе до создавање на Шенген зона во 1995 година, која функционира како единствена држава за меѓународно патување, со наметнати контроли на надворешните граници за патниците што влегуваат и излегуваат од областа, но без контроли на внатрешните граници[46]. Овој текст беше многу покомплициран од оригиналниот договор, кој опфаќа широк спектар на прашања што се протегаат од полициската и судската соработка до споделување на безбедносните податоци и одговорноста за обработка на барањата за азил. Поврзано со горенаведеното, на 15 јуни 1990 година беше потпишана Даблинската конвенција[47], која стапи на сила на 1 септември 1997 година и воспоставува систем со кој се определува државата одговорна за испитување на барањата за азил поднесени во една од земјите членки на Европската заедница.

Даблинската конвенција беше дизајнирана да избегне долги одложувања во процесот на судење и да одговори на два вида проблеми:

- Прво, проблемот со таканаречените „бегалци во орбитата" (бегалци што не успеваат да најдат држава подготвена да преземе одговорност за испитување на нивните барања за азил и затоа се префрлани од земја до земја во постојана потрага по азил).
- Второ, се однесува на проблемот со повеќе барања за азил, истовремено или сукцесивно поднесени во различни земји членки од ист странец[48].

Целта беше да се воспостави принципот дека една земја членка е одговорна за постапување со странец што поднесува барање за азил утврдено според критериумите

---

[45] Schengen Agreement and Convention, EUR-Lex https://eur-lex.europa.eu/EN/legal-content/glossary/schengen-agreement-and-convention.html, пристапено на 2.6.2023.
[46] What is the Schengen Agreement?, AXA https://www.axa-schengen.com/en/schengen-agreement, пристапено на 2.6.2023.
[47] Dublin Convention, Euroepan Commission, https://home-affairs.ec.europa.eu/networks/european-migration-network-emn/emn-asylum-and-migration-glossary/glossary/dublin-convention_en, пристапено на 2.6.2023.
[48] Clotilde Marinho and Matti Heinonen, "Dublin after Schengen: Allocating Responsibility for Examining Asylum Applications in Practice", Respectively Lecturer and Finnish Observer, EIPA.

на Даблинската конвенција и исто така дозволува властите да ги префлат барателите на азил во земјата членка во која се распоредени[49]. Со воведување на оваа дефинитивна одговорност на одредена земја членка, се избегнува ситуацијата на „бегалците во орбитата“[50] и повеќекратните барања за азил. Покрај тоа, се избегнува дуплирање на ресурсите на земјите членки и се намалуваат заостанатите работи и одложувањата во испитувањето на процедурите за азил[51].

Слободното движење во Европската Унија, или Шенген зоната, ја доведе потребата од интегрирана политика за азил во рамките на Унијата. Ова доведе до создавање на Даблинска конвенција, која беше договорена од страна на земјите ленки. За да се разбере начинот на кој Европската Унија и нејзинте земји членки се справуваат со бегалската криза, пред сè е важно да се разбере системот на Даблин, неговата намена и зошто не профункционира. Даблин не беше создаден за правична дистрибуција на бегалците меѓу земјите членки, беше воспоставен така што им се даваше можност на државите да ја преземат одговорноста за поефикасна и навремена обработка на апликации за меѓународна заштита и азил. Таа конвенција беше создадена како потреба за хармонизација на политиките за азил во рамките на Европската Унија. Една од причините зошто Даблин не профункционира ефикасно е поради фактот дека повеќето од апликантите за азил бараат заштита во други земји од онаа од каде што пристигнуваат[52]. Исто така, овој систем се покажа како нефункционален поради тоа што беше неправеден кон пограничните земји, кои се првата земја на влез, како што се Италија, Грција и Шпанија[53]. Овој товар, како и излегувањето накрај со големиот број

[49] Mathilde Schmitt, “The Dublin Regulation, A Nightmare for Asylum Seekers”, Sensus Student Journal, 19.10.2023
https://sensusjournal.org/2019/10/19/the-dublin-regulation-a-nightmare-for-asylum-seekers/, пристапено на 2.6.2023.

[50] European Commission, Refugee in orbite, definition
https://home-affairs.ec.europa.eu/networks/european-migration-network-emn/emn-asylum-and-migration-glossary/glossary/refugee-orbit_en, притсапено на 6.6.2023.

[51] Clotilde Marinho and Matti Heinonen, **“**Dublin after Schengen: Allocating Responsibility for Examining Asylum Applications in Practice”, Respectively Lecturer and Finnish Observer, EIPA, http://aei.pitt.edu/800/1/scop98_3_1.pdf, пристапено на 6.6.2023.

[52] Country responsible for asylum application, European Commission, https://home-affairs.ec.europa.eu/policies/migration-and-asylum/common-european-asylum-system/country-responsible-asylum-application-dublin-regulation_en, пристапено на 6.6.2023.

[53] Mathilde Schmitt, “The Dublin Regulation, a Nightmare for Asylum seekers”, Sensus Student Journal, 10.19.2019
https://sensusjournal.org/2019/10/19/the-dublin-regulation-a-nightmare-for-asylum-seekers/, пристапено на 6.6.2023.

баратели на азил, имаа голем импакт не само од технички аспект туку и од економски и социјален за земјите што беа први на удар на брановите бегалци.

Сето тоа води кон рамнотежа на моќта меѓу државите и нивните интереси. Некои од земјите побараа интегриран систем и рамномерна поделба на одговорности, додека други инсистираа да ги задржат своите национални права. Земјите како Унгарија, Чешка, Полска, Словачка одбија да ги споделат барателите на азил, но и други земји членки се воздржаа од преземање на одговорностите за прифаќање на барателите на азил. Долгонајавуваната солидарност меѓу државите на Европската Унија се покажа како нереална политика и политика на утопија. Пралалено со подготвување на Даблинската конвенција и најавување на солидарноста на европските држави за прашањето со бегалската криза, на сцена се појавија екстремните десничарски партии, но и различни движења што гласно говореа за задржување на националните законодавства во однос на бегалците наспроти европската солидарност. Овие политички партии, разни групи и движења кои настапуваа со против најавените одлуки на европската комисија имаа јасна анти-имиграциска агенда и вршеа огромен притисок на сопствените влади.

### 4.2 Заеднички европски систем за азил (CEAS)

Според Женевската конвенција за заштита на бегалците[54] од 1951 година, азилот е признаен како основно право и е меѓународна обврска за сите земји потписнички. Европската Унија и земјите членки ги делат истите фундаментални вредности и заеднички пристап за гарантирање високи стандарди за заштита на бегалците. Според тоа, земјите членки на ЕУ имаат заедничка одговорност да ги заштитат луѓето што бегаат од прогонство или претрпеле сериозна штета во својата земја на потекло, како и да ги пречекаат барателите на привремена заштита и меѓународна заштита на достоинствен начин, осигурувајќи дека тие се третирани фер и нивниот случај се испитува според унифицирани стандарди. Ова осигурува дека, без разлика каде аплицира барателот на азил, исходот мора да биде сличен. Процедурите мора да бидат фер, да се постапува хумано, како и да се внимава да не дојде до злоупотреба.

---

[54] Конвенција и Протокол за статусот на бегалците 1951/1967, https://www.refworld.org/cgi-bin/texis/vtx/rwmain/opendocpdf.pdf?reldoc=y&docid=6231cfdb4.

За да се постигне заеднички пристап кон бегалците и барателите на азил, од 1999 година ЕУ воспостави Заеднички европски систем за азил (CEAS). Освен обезбедување фер и хумано постапување на барателите на меѓународна заштита, овој систем овозможува хармонизација на системите на азил, како и намалување на разликите меѓу земјите членки врз основа на обврзувачка легислатива[55]. Во 2015 година, неочекуваниот бегалски бран, како и нерегуларните миграции, донесоа дополнителни реформи и потреба за донесување нови директиви и регулативи и, како најважно, Европскиот парламент и Советот постигнаа политички договор за реформирање на Европската агенција за азил (EUAA)[56].

Овој систем со времето се доградуваше и подобруваше, сè до 2020 година, кога Европската комисија предложи да го реформира системот преку сеопфатен пристап на политиката за миграција и азил заснован на три главни столба: ефикасни процедури за азил и враќање, солидарност и правичен дел на одговорност и зајакнати партнерства со трети земји[57].

Со ваков пристап доаѓаме до заклучок дека улогата на Европската Унија во управувањето со бегалската криза е местото каде што носителите на одлуки ја преземаат контролата од други актери и национални влади, со помалку дефиниран редослед на командите. Во секој случај, националниот или меѓувладиниот начин на решавање на кризата и обидот да се најде совршено решение што ќе ги задоволи сите засегнати страни се речиси невозможни. Во случајот, бегалската криза и неочекуваниот прилив на мигранти ја ставија Европската Унија во ситуација да излегува накрај со транснационални кризи и политичка одговорност и таа не беше подготвена да управува со брзите промени. Неможноста да се најде унитарно решение доведе до поединечните миграциски политики на земјите членки и сложена поделба на моќта меѓу институциите на ЕУ, а тензиите меѓу државите за ова прашање се чувствуваат и денес.

[55] „Пристап до постапка на азил, што треба да знаете“, EASO-FRONTEX, 2016 https://euaa.europa.eu/sites/default/files/publications/EASO-Frontex-access-to-procedure-leaflet-MK.pdf, пристапено на 6.6.2023.
[56] Euroepan Union Agency for Asylum
Home | European Union Agency for Asylum (europa.eu).
[57] European Commission, Commom European Asylum System
https://home-affairs.ec.europa.eu/policies/migration-and-asylum/common-european-asylum-system_en, пристапено на 6.6.2023.

### 4.3 Новиот Пакт за миграција и азил на Европската Унија

Поради неуспешноста на горенаведените механизми за регулирање на миграциските политики, но и со цел да се решат недостатоците, од страна на Европската комисија беше преставен новиот Пакт за миграција и азил[58]. Овој пакт, кој беше презентиран од страна на Европската комисија на 23 септември 2020 година и поддржан од страна на Европскиот парламент, како и од страна на претседателствата на Советот, како цел има предлог за нов почеток на миграцијата што ќе гради доверба преку поефикасни процедури и воспоставување нова рамнотежа меѓу одговорноста и солидарноста. Европската Унија со новиот Пакт за миграции и азил се стреми да ги опфаќа сите елементи потребни за сеопфатен европски пристап кон миграцијата и за подобрени и побрзи процедури низ системот за азил и миграција, исто така и кон рамномерно и фер споделување на принципите на одговорноста и солидарноста.

Главните цели на новиот Пакт за миграции и азил се:

- робусно и правично управување со надворешните граници, вклучително и проверки на идентитетот, здравјето и безбедноста;
- фер и ефикасни правила за азил, рационализирање на процедурите за азил и враќање;
- нов механизам за солидарност за ситуации на пребарување и спасување, притисок и криза;
- посилна предвидливост, подготвеност за криза и одговор;
- ефективна политика за враќање и координиран пристап на ЕУ кон враќањето;
- сеопфатно управување на ниво на ЕУ за подобро управување и спроведување на политиките за азил и миграција;
- заемно корисни партнерства со клучни трети земји на потекло и транзит;
- развој на одржливи правни патишта за оние на кои им е потребна заштита и привлекување талент во ЕУ; и
- поддршка на ефективни политики за интеграција.

[58] Pact on migration and asylum, European Commission, 2020 https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/priorities-2019-2024/promoting-our-european-way-life/new-pact-migration-and-asylum_en, пристапено на 7.6.2023.

Во делот за надворешните граници новиот Пакт за миграции и азил ги предвидува следните чекори и подобрувања:

Комисијата и во овој Пакт ја нагласува важноста на интегрирано управување со границите како неопходен инструмент за заштита на надворешните граници на ЕУ и зачувување на интегритетот и функционирањето на Шенген зоната без внатрешни гранични контроли како суштинска компонента на сеопфатната имиграциска политика, како и започнување со подготвителниот процес во насока на доставување документ од областа за повеќегодишната стратешка политика и циклус на имплементација во првата половина на 2021 година. Овој циклус ќе обезбеди унифицирана рамка за стратешките упатства за сите релевантни актери на европско и на национално ниво во областа на граничното управување и враќање преку поврзани стратегии: техничка и оперативна стратегија на ЕУ утврдена од Фронтекс и национални стратегии од земјите членки на ЕУ.

Со цел да се постигнат силни надворешни граници, Комисијата бара ажурирани и интероперативни ИТ-системи за да се следат пристигнувањата на барателите на азил. Ваквите системи, откако ќе бидат во функција, ќе формираат интегрирана ИТ-платформа за управување со граници, која ќе проверува и ќе води евиденција за правото на престој на сите државјани на трети земји (без оглед дали поседуваат или не поседуваат виза) што пристигнуваат на легален начин на територијата на ЕУ, за да се идентификуваат случаи на пречекорување на престојот[59]. Интероперабилноста ќе има улога да ги поврзе сите европски системи за граници, миграции, безбедност и правда и ќе обезбеди сите овие системи да соработуваат едни со други со цел да не се пропушти проверка поради недостиг на податоци и да се овозможи властите да имаат целосни, сигурни, точни и потребни информации. Со ваква соработка се очекува поголем поттик во борбата против кражбите/измамите на идентитетот. Комисијата ја нагласува значајноста на овие нови и надградени информатички системи да бидат оперативни и целосно интероперативни до крајот на 2023 година, како и надградбата на Шенгенскиот информатички систем. Комисијата, исто така, ќе ги достави потребните измени и дополнувања во предложената ревизија на регулативата Eurodac за да се интегрира во

[59] Системите што учествуваат во интероперабилноста се: систем за влез/излез, Европски систем за информации и овластување за патувања, Информативен систем за визи, Европски информативен систем за криминални досиеја за државјани на трети земји, Еуродак и Информативен систем на Шенген.

овој пристап со цел да има улога во контролирање на нерегуларната миграција и откривање на неовластени движења во ЕУ. Со ваков потег се цели кон поголема доверба во Шенген зоната, која дополнително би се зајакнала со тоа што визната постапка би била целосно дигитализирана до 2025 година, т.е. дигитална виза и можност за поднесување апликации за виза преку интернет.

Во делот за Шенген зоната како една од најголемите достигнувања на европската интеграција се нагласуваат недостатоците и тешкотиите во излегување накрај со промените на границите на Унијата, особено во делот каде што не се усогласени националните системи на земјите членки на ЕУ за азил, прием и враќање. Договорните мерки, кои треба да бидат усвоени од Европскиот парламент и од Советот, се со цел да донесат поголема конзистентност на стандардите во системите за азил и миграции. Комисијата ќе престави Стратегија за иднината на Шенген, која ќе вклучува иницијативи за посилен и поцелосен Шенген.

Новиот Акционен план на ЕУ 2021-2025 за борба против криумчарење на мигранти како главна цел ќе ги има борбата против криминални мрежи и согласноста со Стратегијата за безбедност на Европската Унија и ќе се стреми кон зајакната соработка и поддршка на органите за прогонство за да можат земјите да излезат накрај со криумчарење мигранти, кое често се поврзува и со трговијата со луѓе. Според Комисијата, Акциониот план ќе се заснова на работата на Европол и неговиот Европски центар за криумчарење на мигранти, Фронтекс, Еуројуст и со Агенцијата на ЕУ за обуки за спроведување на законот. Со овие нови мерки се очекува зајакната меѓуагенциска соработка за справување со предизвиците во областите на финансиски истраги, наплата на средства и измама со документи и новите феномени како што е дигиталното криумчарење[60]. Новиот Акционен план на ЕУ против криумчарење на мигранти ќе стимулира соработка меѓу ЕУ и трети земји преку селектирани партнерства во борбата против криумчарење на мигранти како дел од соработката со клучни трети земји. Исто така, ќе даде поддршка на земјите од потекло и транзит во градење на капацитетите и во однос на рамките на споредување на законот и оперативниот капацитет, охрабрувајќи ефективно дејствување на полициските и судските органи. Европската Унија исто така

[60] Современата информатичка и комуникациска технологија, особено од страна на организирани криминални групи, се користи како помошна алатка за криумчарење на мигранти, вклучително и рекламирање, организирање, наплата на паричните средства итн.

ќе ја подобри размената на информации со трети земји, теренското дејствување преку поддршка на заеднички операции и заеднички тимови, како и информативни кампањи за ризиците од нерегуларната миграција и за законските алтернативи. Комисијата потенцира на поинтензивна соработка на агенциите на ЕУ со партнерските земји, како и зајакнување на соработката меѓу Европол и Западен Балкан.

Во новиот Пакт во делот за меѓународната соработка со европските партнери се потенцира на предуслови за соработката со партнери, кои треба да бидат врз основа на билатерален ангажман во комбинација со регионална и мултилатерална посветеност, со тоа што ангажманот со партнерските земји ќе се засили во сите области на соработката. Комисијата заедно со земјите членки веднаш ќе го спроведе овој пристап во практика преку дијалог и соработка со партнерите на Европската Унија.

Соработката на ЕУ со партнерски земји во областа на управување со миграцијата ќе продолжи за да се обезбеди заштита на правата на мигрантите и бегалците, борба против дискриминацијата и трудовата експлоатација и да се исполнат основните потреби преку обезбедување клучни услуги. Комисијата потенцира дека ЕУ треба да ги искористи сите алатки со кои располага за да донесе оперативна поддршка на новите партнерства, вклучително и преку многу подлабоко вклучување на агенциите на ЕУ. Тука се нагласува зголемениот обем на дејствување на Фронтекс за да се искористи за оперативна соработка со партнерите. Целта е да може да се обезбеди практична поддршка за развој на капацитетот за управување со границите на партнерите и за подобрување на доброволно враќање. Комисијата ќе продолжи да ги охрабрува договорите со соседите[61].

Пактот во делот за реадмисија се залага за поефикасен систем за враќање на мигранти што немаат право на престој во Европската Унија, потенцирајќи ја опцијата за доброволно враќање. Како еден од клучните недостатоци во управување со миграции во ЕУ се напоменуваат тешкотиите за ефикасно враќање на оние што ја користат токму оваа опција. Соработката со земји на потекло и транзит се става како предуслов за добро функционирање на системот за враќање, реадмисија и реинтеграција. Се нагласува дека акцијата преземена од земјите членки во областа на враќањето, заедно со подобрување на соработката за реадмисија со трети земји, треба да биде поттик за одржливо и

континуирано враќање. За да се постигне оваа цел, се бара целосна и ефективна имплементација на дваесет и четири постојни договори и ангажмани на ЕУ за реадмисија со трети земји; завршување на тековните преговори за реадмисија и соодветно започнување на нови преговори, како и практични решенија за зголемување на бројот на ефективни враќања. Врз основа на информациите дадени од земјите членки, Комисијата ќе го процени најмалку еднаш годишно нивото на соработка на трети земји за реадмисија и ќе поднесе извештај до Советот. Секоја земја членка исто така може да ја извести Комисијата ако се соочи со суштински и постојани практични проблеми во соработката со трета земја за реадмисија, предизвикувајќи ад хок процена. По процената, Комисијата може да предложи да се применат рестриктивни визни мерки или, во случај на добра соработка, да предложи поволни визни мерки. Визната политика може да се користи и за ограничување на неоснованите барања за азил што потекнуваат од земјите што се дел од визната либерализација, при што ќе се има предвид дека речиси една четвртина од барањата за азил добиени од страна на земјите членки биле поднесени од апликанти што можат да влезат во Шенген зоната без визи. Механизмот за суспензија на визите предвидува систематско оценување на земјите што поседуваат визна либерализација според критериумите, вклучително и нерегуларни миграциски ризици и злоупотреба на апликации за азил. Ова на крајот може да резултира со отстранување на трети земји од безвизниот список.

Важна компонента на идната Стратегија за доброволно враќање и реинтеграција ќе се состои во поставување на нови пристапи во трети земји и ќе вклучува подобри врски со други развојни иницијативи и национални стратегии, за да се изградат капацитетите и сопственоста на трети земји. Ефективната имплементација на Стратегијата ќе бара тесна соработка со Европската агенција за гранична и крајбежна стража – FRONTEX[62] во делот за враќање и како дел од заедничкиот систем на ЕУ за враќање.

Ваквите мерки донесоа задржување на бегалците во затворите во Либија, без надзор на тоа дали се почитуваат правата на бегалците, како и нивниот човечки третман. Во спротивно, бегалците се третираат нехумано и спротивно на сите конвенции. Крајбрежните стражи во Либија не излегуваат накрај со криумчарите на мигранти за да

---

[62]European Border and Coast Guard Agency-FRONTEX, European Union
Frontex | European Union Agency (europa.eu).

ги заштитат мигрантите што бегаат од земјите каде што животот им е во ризик. Ефикаснота на Фронтекс е доведена во прашање.

Но дали овој Пакт ќе придонесе кон унитарен пристап на сите земји членки на Европската Унија останува да се види во иднина, тоа што може да се забележи е дека ЕУ уште подолг период ќе се соочува со предизвиците на унитарен пристап на сите земји членки, не само кога се работи за регулирање на миграциската политика, туку и другите важни предизвици како што беа Брегзит, пандемијата на КОВИД-19 и најголемиот сегашен предизвик, руската инвазија на Украина.

Сѐ додека мигрантите што се наоѓаат во безизлезна ситуација во своите матични земји одлучуваат, ризикувајќи ги своите животи, како и животите на своите најблиски, да тргнат кон екстремно ризичен пат по море со недостојни морски чамци, сѐ со надеж дека ќе најдат подобар живот, подемот на популистички екстремно десничарски влади и партии во Европската Унија и партиските политики ќе ограничуваат и ќе создаваат механизми на ограничување на мигрантите да влезат во нивните земји.

### 4.4 Глобалниот договор на Обединети нации за безбедна, уредна и редовна миграција

Миграцијата може да обезбеди придобивки за земјите домаќини и за самите мигранти, но, ако не е регулирана на соодветен начин, може да предизвика загриженост и многу различни предизвици. Поради предизвиците што ги предизвикуваат миграциските текови, особено по бегалската криза во Европската Унија, шефови на држави и влади се собраа на глобално ниво во рамките на Генералното собрание на ОН за да разговараат за прашањата поврзани со миграцијата и бегалците. Како резултат на тоа и усвојувањето на Њујоршката декларација за бегалци и мигранти, во септември 2016 година[63], Генералното собрание одлучи да развие Глобална спогодба за безбедна[64], уредна и редовна миграција (во понатамошниот текст ќе се користи скратеницата ГСМ). Целта на спогодбата е да испрати политичката порака дека миграцијата и бегалците се важни и дека постои потреба за глобален пристап и соработка. Процесот за развивање

[63] New York Declaration for Refugees and Migrants, United Nationa, 2016 https://refugeesmigrants.un.org/declaration, пристапено на 9.6.2023.
[64] The 1951 Refugee Covention, United Nation https://www.unhcr.org/1951-refugee-convention.html, пристапено на 9.6.2023.

на спогодбата започна во јули 2017 година и продолжи во јули 2018 година, со тоа што земјите членки на ОН го финализираа текстот. Овој процес заврши на 10 декември 2018 година со усвојувањето на ГСМ во Маракеш, Мароко, од страна на 152 држави членки на Обединетите нации, меѓу кои и од Република Македонија, а се усвои по пат на гласање од страна на земјите членки на Обединетите нации што присуствуваа на меѓународната конференција. Глобалниот пакт за безбедна, уредна и регуларна миграција претставува политички и не е правнообврзувачки документ. Тој ѝ овозможува на секоја држава да ги утврди својата национална миграциска политика и правилата според кои одобрува влез и престој на странски државјанин. Оваа спогодба за безбедна, уредна и регуларна миграција претставува декларација со намери да се уреди проблемот со миграцијата со цел да се обликува глобална агенда за миграција. Исто така во него се содржани и голем број цели за подобрување на управувањето со миграцијата и многу од активностите се наменети за државите што сè уште не развиле соодветни системи за излегување накрај со миграцијата. При определувањето кои активности се релевантни, секоја држава има суверено право да одлучи кои од активностите ќе ги спроведува. Воедно, преку водечките принципи што се пропишани во Глобалниот пакт за безбедна, уредна и регуларна миграција се уредуваат тековите и начините на управувањето со миграцијата и Пактот не тежнее кон забрана или укинување на миграциските текови, туку справување и спречување на илегалната миграција.

Спогодбата, чија цел е соработка меѓу државите, промовирајќи редовна миграција и заштита на човековите права на мигрантите, создаде политички тензии на глобално ниво и во земјите членки на Европската Унија. Радикалните лидери на екстремно десничарските политички партии значително ја искористија бегалската криза, но исто така и спогодбата, за да ги зацврстат своите позиции и да придобијат поголема поддршка од електоратот[65]. На пример, тогашната белгиска влада, која одлучи да даде поддршка на Пактот, се соочи со тоа што десничарската националистичка партија Нова фламанска алијанса (The New Flemish Alliance N-VA) ја напушти владејачката коалиција, а владата речиси се урна поради тоа[66]. Унгарија го сметаше

[65] “The EU Migration System of Government Justice on the Move”, Michela Ceccoruli, Palgrave Macmillian Switzerland, 2021, стр. 45.
[66] “European migration policy and the rise of populism”, European Insights https://www.vuesdeurope.eu/en/num/what-european-migration-policy-in-the-face-of-the-rise-of-populism/ , пристапено на 9.6.2023.

чинот на одобрување на ГСМ како промоција на миграцијата[67]. Земја како Унгарија, која во својата агенда е против миграцијата, не сакаше да го преземе ризикот и да ја промовира миграцијата, напротив, таа само ја потврди својата антимиграциска позиција со одбивање на ГСМ. Во Германија, канцеларката Ангела Меркел се соочи со отфрлање на ГСМ не само од екстремно десничарската партија Алтернатива за Германија туку и од некои членови на нејзината централно-десничарска Демократска партија[68]. Дури и Австрија, која беше еден од водечките преговарачи на ГСМ во име на Европската Унија, се повлече од Пактот[69]. Главната загриженост и аргументи на сите горенаведени држави беа граничната заштита и човековите права или, поточно, мешање на барањата за меѓународна заштита (азил) со трудовата миграција, недостигна гаранции за земјите да имаат право самостојно да одлучуваат „кого" ќе го прифатат, исто така нагласувајќи ја важноста на разликата меѓу легалната и нелегалната миграција, која, според нив, во овој договор, особено во последниот текст, не го одразува тоа.

Иако Глобалниот пакт беше обид за меѓународна соработка во однос на миграцијата, одредени земји членки на Европската Унија, предводени од десничарските и екстремно десничарските политички партии, уште еднаш гласно ги потврдија своите ставови против миграцијата, но и несогласувањата во самата Унија и нефункционирањето на напорите кон изнаоѓање заедничка политика за управување со миграциите.

[67] Georgie Gotev, "Nine EU member stay away from UN migration pact", Euroactive, 12.20.2018 https://www.euractiv.com/section/global-europe/news/nine-eu-members-stay-away-from-un-migration-pact/, пристапено на 9.6.2023.
[68] Ben Kingli, "German conservatives against UN migration pact", Deutsche Welle, 11.06.2018 https://www.dw.com/en/german-conservatives-against-un-migration-pact/a-46168381, пристапено на 9.6.2023.
[69]"Austria to withdraw from UN migration treaty", Deutsche Welle, 10.31.2018 https://www.dw.com/en/austria-to-withdraw-from-un-migration-treaty/a-46097012, пристапено на 9.6.2023.

# ГЛАВА V

## 5. ПОДЕМ НА ЕКСТРЕМНО ДЕСНИЧАРСКИ ПРТИИ ВО ДРЖАВИТЕ ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПОД ВЛИЈАНИЕ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА И МИГРАЦИИТЕ

Демократијата како столб на Европската Унија, која, меѓу другото, ги промовира правата на малцинства, како и нивната заштита, во одредени земји членки предизвика реакција против различноста и инклузивноста, особено во земјите членки на поставторитативни политики од некогашниот истчен блок држави. Да, демократизацијата на овие држави, како и нивната политичка трансформација, им пружија можност на помалите групи да ги бараат своите малцински права, но истовремено создадоа друг фронт и ги мобилизираа граѓаните што се спротивставуваат на ваквите политики и не се согласуваат со нивните барања.

Демократско-либералниот поредок, кој им отвори можности на малцинствата, резултира кон создавање на еден друг политички фронт, кој се движеше кон екстремна десничарска линија. Овој фронт, особено по завршувањето на Студената војна и поинтензивниот прилив на бегалци кон Европа, беше повеќе нагласен во Источна Европа, како поради тамошната економска и демократска трансформација така и поради редефинирање на државните и етничките граници. Но, по бегалска криза од 2015 година, и западните европски земји, поточно и во земјите членки што се основачи на Европската Унија, се соочија со сѐ поизразен револт кон имиграцијата, односно бегалците. Како што може да се забележи, во последната деценија екстремно десничарските партии сѐ повеќе стануваат дел од политичкиот поредок на земјите членки на Европската Унија и веќе се дел од многу коалиции и се носители на пратенички места во своите национални законодавни домови, но и во Европскиот парламент[70].

Сѐ повеќе гласно се говори дека бегалска криза има значаен ефект врз растечкиот популизам во многу земји во Европската Унија. Ваквата ситуација се користи од страна

---

[70] Daniel Koehler, “Right-Wing Extremism and Terrorism in Europe Current Developments and Issues from the Future”, PRISM National Defense University,18.07.2016
 https://cco.ndu.edu/PRISM/PRISM-Volume-6-no-2/Article/839011/right-wing-extremism-and-terrorism-in-europe-current-developments-and-issues-fo/, пристапено на 12.6 2023.

на екстремно десничарските партии за ширење популистичка реторика и мобилизирање на гласачите за прашања поврзани со идентитетот, миграцијата и интеграцијата на мигрантите и бегалците, поврзувајќи ги со социјалната, економската и безбедносната нестабилност. Исто така, ова прашање се користи како главната тема на големите европски избори. Ваквите активности ја засилуваат загриженоста, што ги наведува луѓето на сомневање и зголемување на ксенофобијата и етноцентризмот. Од политички аспект, во последно време повеќе од вообичаено, мигрантите, бегалците и барателите на азил[71] се третираат како „закана за безбедноста на земјите“, што е уште едно чувствително прашање и уште една причина за освојување на политичка моќ од страна на екстремно десничарските партии.

Но, дали само екстремно десничарските партии ги поведуваат прашањата за миграции, загриженоста за безбедноста на земјите и за долгорочните последици што ги носат, особено кога се работи за големиот број мигранти присутни во нивните земји? Одговорот е не, секоја суверена земја што е предводена од влада што е легитимно избрана од страна на граѓаните има право да одлучува кому да даде можност во иднина да биде дел од нивното општество и под кои услови. Овој став го брани Кристофер Хеалт Велман, кој вели „секоја легитимна држава има право да им затвори врата на сите потенцијални мигранати“[72]. Иако ставот на Вилман повеќе им дава легитимитет, како и моќ, на самите граѓани, кои, според него, треба да одлучуваат за својата иднина, за националната хомогеност, како и за безбедноста, не треба да заборавиме дека земјите се должни да им пружат помош на луѓето што се надвор од своите земји и кои немаат можност да се вратат во своите матични земји. Тука улогата веќе паѓа на самите држави, а во нашиот случај на Унијата како целина. Европската Унија, која е креирана со една цел, а тоа е да обезбеди просперитет, стабилност на континентот, но и пошироко, истовремено важи за силен промотор на човекови права и слободи и има морална и формалноправна должност да најде соодветна политика со која ќе ги задржи сите национални вредности и приоритети, но исто така, почитувајќи ги моралните аспекти дека пред сè човекот како индивидуа во правдата е на пиедесталот, а неговите права се заштитени со меѓународни и европски закони и конвенции. Тоа подразбира дека

[71] Барател на азил е лице што бега од својата матична земја, влегува во друга земја и аплицира за азил, односно право на меѓународна заштита.
[72] Christopher Heath Wellman,” Immigration and Freedom of Association”, The University of Chicago Press 2008, стр. 109.

бегалецот или барателот на меѓународна заштита (азил) треба да добие непристрасен третман за заштита.

### 5.1 Анализа на растечкото влијание на екстремно десничарските партии во некои од земјите членки на Европската Унија

Иако одредени земји како Германија, особено по бегалската криза од 2015 година, кои, водејќи се од хуманоста, како и моралната обврска кон заштита на бегалците што се најдоа во нивните земји, како и низ нивните граници, се стремеа кон изнаоѓање унитарен, политички, хуманитарен одговор. Другите земји членки се изјаснија со незадоволство, кое поттикна расправии за миграцијата, како и спротивставени ставови, мислења и агенди за тоа како треба да се третираат миграциските проблеми на начини што ќе одговараат на нивните национални и политички цели[73].

Ако се земе предвид дека оваа тема е опширна и за секоја земја членка може да се пишува посебен труд, мојата теза ќе се стреми да даде погенерална слика на земји членки како: Франција, Германија, Шведска, Данска, Италија, Австрија и Унгарија, каде што може да се забележи растечко влијание на екстремно десничарските партии.

#### 5.1.1 Франција

Франција е една од клучните земји членки на Европската Унија, како и земја со најголем број мигранти и бегалци. Франција е земја од најстарите современи демократии, но истовремено и западноевропска земја во која во осумдесеттите години од минатиот век се појавува најстарата и најуспешна екстремно десничарска партија, Францускиот национален фронт (FN, National Front) на Жан-Мари Ле Пен (Jean-Marie Lepen), основан во 1972 година[74]. Франција има многу далечна историја кога е во прашање Националниот фронт. Корените ги влече уште од Француската буржоаска револуција од 1789 година, но за потребите на ова истражување доволно е да се

[73] Arikpo Lawerence Omini , “Germany Has Fallen”, Tredition GmbH, Hamburg 2018.
[74] Britanica, Jean-Marie Le Pen
https://www.britannica.com/biography/Jean-Marie-Le-Pen, пристапено на 19.6.2023.

навратиме на 1945 година, кога Германија е поразена. По војната, екстремната десница на Франција ја губи моќта, но и кредибилитетот, поради фактот дека многумина од членовите на оваа партија соработувале со германските окупатори во Виши. Нивниот обид да се вратат на политичка арена не бил лесен, па по многу обиди делумно успеваат да се наметнат како фактор дури во 1973 годин,а инспирирани од изборниот успех на италијанската неофашистичка партија Италијанско социјално движење (Movimento Sociale Italiano)[75]. По собирот на екстремно десничарскиот фронт или национален фронт, составен од ветераните што се стремеа кон Виши, антиголисти, интелектуалци под водството на Ле Пен истата година ја создадоа екстремно десничарската политичка партија наречена Национален фронт[76]. Партија во суштина е против миграцијата, особено против арапските мигранти што потекнуваат од поранешни француски колонии, поточно од Северна Африка. Но оваа партија, освен што својата реторика ја темели на негативностите од емигрантите, исто така таа се спротивставува на европската интеграција и е единствена партија во Франиција што се залагаше да се врати смртната казна. Оваа партија, предводена од страна на Жан-Мари Ле Пен, по своите подеми и падови, во април 2002 година постигнува успех со тоа што првпат кандидат од екстремно десничарската партија се квалификува за вториот круг на претседателски избори[77] и со освоени 16,9 % од гласовите тоа се смета за голем успех на оваа партија. Но, по овој успех Националниот фронт предводен од Ле Пен почнува да го губи својот електорат. Тогашните предвидувањата се дека е само прашање на време кога оваа партија ќе престане да постои.

Пред тоталниот распад на партијата, Ле Пен одлучува да ја вклучи својата ќерка во партијата и со време во 2012 година успеава да го осигури нејзиното место во централниот комитет. Со 67,6 % гласови од членовите на партијата, таа станува и претседател на Национален фронт[78].

---

[75] Jens Rydgren/Nonna Mayer,” Radical Right Movement Parties in Europe", Oxford University Press, 2018, стр. 617.
[76] Britannica, Biography of Jean-Marie Le Pen https://www.britannica.com/biography/Jean-Marie-Le-Pen , пристапено на 19.6.2023.
[77] Kait Bolongaro ,”Le Pen’s Le Pen Problem”, Politico,07.11.2018 https://www.politico.eu/article/marine-le-pen-jean-marie-le-pen-problem-france-national-front-rally/ , пристапено на 19.6.2023.
[78] Jens Rydgren/Nonna Mayer, “Radical Right Movement Parties in Europe”, Oxford University Press, 2018, стр. 623.

По преземањето на партијата, Марин Ле Пен како приоритет го поставува заживувањето на партијата, како и зголемувањето на електоратот, со тоа што како прв чекор таа ќе се огради од антисемитските забелешки, како и од расистичките ставови на својот татко, сè со цел да го ублажи имиџот на партијата, како и да го претстави Национален фронт како една од многуте политички партии во Франција[79]. Целта на оваа трансформација е несушната желба на Мари Ле Пен по секоја цена да го издигне рејтингот на партијата, а таа да стане претседател на Франција. Така Ле Пен и партијата привлекуваат сè повеќе млади, мотивирани и итри членови, а во 2018 година го менува името на партијата во National Rally. Во 2021 година Марин Ла Пен му ја предава партиската лидерска позиција на својот штитеник, 27-годишниот Јордан Бардела[80].

Ако ги споредиме изјавите, како и ставовите на оваа партија за време на бегалската криза што почна во 2015 и моменталната во 2023 година, можеме да забележиме разлики.

Марин Ле Пен за време на бегалската криза во 2015 година остро ја критикуваше Германија и нејзината политика кон бегалците, како и барателите на азил, нарекувајќи ги „робови". Нејзините критики исто така беа насочени и кон Европската Унија и нејзината политика кон бегалците, која, според Ле Пен, присилува да се применуваат супранационалните политики и тогаш кога се спротивни на националните политики на одредени земји членки, а во конкретниот случај не се во полза на Франција[81]. Нејзините ставови во време на бегалската криза наликуваа на ставовите на нејзиниот татко, од кого, и како партија и како лидер, во некое претходно време се обидуваше да се огради. Нејзините строги и нехумани ставови беа гласно коментирани од страна на домашните политичари, како на пример од поранешниот претседател Никола Саркози, кој ја обвини за „бруталност" и „нечовечност"[82]. На сечие изненадување, ваквите ставови на Ле Пен

---

[79] Kait Bolongaro ,"Le Pen's Le Pen Problem", Politico, 07.11.2018 https://www.politico.eu/article/marine-le-pen-jean-marie-le-pen-problem-france-national-front-rally/ , пристапено на 19.6.2023.

[80] Jessica Phelan , "How far has France's far-right National Rally come in 50 years?", RFI, 08.10.2022 https://www.rfi.fr/en/france/20221008-how-far-has-france-s-far-right-national-rally-come-in-50-years, пристапено на 20.6.2023.

[81] "French far-right leader says Germany seeking 'slaves' in migrants", Reuters, 06.09.2015 https://www.reuters.com/article/us-europe-migrants-france-farright-idUKKCN0R60TF20150906, пристапено на 20.6.2026.

[82] Adam Nossiter , "Far Marine Le Pen is a ready made issue", New York Times, 05.10.2015 https://www.nytimes.com/2015/10/06/world/europe/for-marine-le-pen-migration-is-a-ready-made-issue.html, пристапено на 21.6.2023.

им одеа во прилог како нејзе како кандидат за претседателските избори така и на самата партија пред регионални изборите, но и за претседателските избори во 2017 година, кога националните анкети ја искачија на второ место. Претседателските избори во 2017 година (со 21 %), како и во 2022 година (со 23 %), за Ле Пен беа поразителни, но не и за нејзината партијата, која на последните парламентарни избори постигна најдобри резултати од основањето и од претходните освоени седум места во парламентот се искачи на добиени 89 места[83].

Според последните анкети, таа постепено од година во година добива на популарност, додека актуелниот претседател на Франција, Емануел Макрон, сè повеќе ја губи.

На 27 јуни 2023 година Франција беше доведена до точка на вриење. Како резултат на прекумерна употреба на сила од страна на полицијата и убиството на Нахел, 17-годишно момче со алжирско потекло, беа одржани големи простести во предградие на Париз, а подоцна се проширија и во неколку други градови во Франција. За време на протестите, беа уапсени околу 3 500 луѓе, а Франција распореди околу 45 000 полицајци на улиците. Убиството на тинејџерот, кое беше снимено на видео, повторно го разбуди незадоволството од полициското насилство и расизмот во сиромашните и расно мешаните урбани заедници, кои француските лидери со децении не успеваат да ги интегрираат. Кај етничките Французи овие нереди предизвикаа страв за безбедноста на имотот, но и животот, а како закана ја препознаа африканската миграција, додека кај мигранитите што се веќе и трето колено родени во Франција, револтот кон државата и нејзините политики кон мигрантите се зголеми.

Франција претставува дом на една од најголемите муслимански популации во Европа – која опфаќа речиси 9 % од населението во земјата. Во Франција односите меѓу муслиманското и немуслиманското население никогаш не биле целосно решени, а во студија од 2019 година, 42 % од речиси 6 милиони француски муслимани изјавиле дека се чувствуваат дискриминирани. Претходно во студија направена во 2017 година, само 39 % од испитаните Французи сметаат дека исламот е компатибилен со француското општество. Дискриминацијата што ја чувствуваат француските муслимани во голем дел

[83] Jessica Phelan , "How far has France's far-right National Rally come in 50 years?", RFI, 08.10.2022 https://www.rfi.fr/en/france/20221008-how-far-has-france-s-far-right-national-rally-come-in-50-years, пристапено на 20.6.2023.

произлегува од уникатниот пристап на Франција кон секуларизмот, наречен Laïcité, поттикнат од терористичките напади и стереотипите за муслиманите во јавниот дискурс. Од 1989 година, францускиот судски систем донесе повеќекратни ограничувања на муслиманското изразување на верата, а најмалку 75 џамии се под надзор на француската влада.

Од сите европски земји, Франција е една од државите со најбројно муслиманско население. Интересен е податокот дека Франција во голема мера го забрани собирањето податоци за расата или религијата на поединецот, што ја отежнува можноста да се добие точна статистика за тоа колку муслимани живеат во земјата. Според студијата на Pew Research од 2017 година, муслиманското население во Франција изнесува приближно 8,8 % од вкупното население или околу 6 милиони луѓе, а 26 % од француската муслиманска заедница се странци. Многу од овие муслимански имигранти се од Северна Африка, особено поранешните француски колонии како Алжир, Тунис и Мароко.

Иако муслиманите се големо малцинство од француското население и исламот е втора по големина религија во Франција, постојат тензии околу интеграцијата на исламот со „традиционалната“ француска култура. Влошената ситуација ја потврдува и зголемувањето на нападите врз муслимани, односно во 2020 година имало 235 напади врз муслимани во Франција, што бележи зголемување од 53 % во однос на претходната година. Муслиманите сочинуваат само 0,08 % од Сенатот и Националното собрание, и покрај тоа што сочинуваат 6 % до 10 % од населението во земјата. Муслиманите сочинуваат околу 40-50 % од француската затворска популација, додека во Англија, земја што е со околу 5 % муслимани, тие сочинуваат само околу 15 % од затворската популација. Овој диспаритет покажува дека, иако прашањето за исламофобија не е единствено француско, можно е дискриминацијата во Франција кон муслиманите да е поголема во однос на другите западни демократски држави.

Од друга страна, пак, францускиот правен принцип на laïcité, според поплаките од мислиманската заедница, ја зголемува дискриминацијата врз муслиманите во Франција со тоа што забранува многу форми на муслиманско религиозно изразување. Laïcité, што значи целосно одвојување на религиозниот од граѓанскиот живот – ги следи своите правни корени назад од Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот, документ донесен во 1789 година за време на Француската револуција. Оваа декларација утврдува дека никој не може се чувствува вознемирен од одредени религиозни

верувања, а тие верувања не смеат да го нарушуваат јавниот мир и безбедност. Меѓутоа, целосното раздвојување на црквата од државата се случило во 1905 година, а според закон што утврдува дека државата не може да признае или да финансира ниту една религија. Сегашниот устав, донесен во 1958 година, му дава приоритет на концептот со тоа што во својот прв член утврдува дека Франција е секуларна република.

Иако муслиманите живееле во Франција со векови, примената на laïcité конкретно врз исламот не била предмет на национална дебата или внимание до 1989 година, кога е одлучено дека хиџабот е религиозен симбол што е некомпатибилен со секуларните јавни училишта. Оваа одлука во 2004 година беше преточена во закон, со кој се утврдува дека сите државни училишта треба да им забрануваат на своите ученици да носат верски симболи, вклучително и хиџаб. Во студија од 2012 година, утврдено е дека 80 % од француското население верува дека исламот е некомпатибилен со принципот на laïcité. Како последица на пресудата на судот од 1989 година дека училиштата имаат овластување да им забранат на учениците да носат хиџаб, околу 100 ученици муслимани во периодот помеѓу 1994-2003 година беа исклучени од училиштата поради носење исламски превез. Во 2004 година, националниот законодавен дом донесе одлука дека во сите јавни училишта носењето на верски симболи ќе биде забрането. Во 2010 година беше одлучено и забрането носење муслимански превез на јавни места. Прекршителите на законот се казнуваат со парична казна и полагање тест за државјанство, што сугерира дека не ги разбираат француските вредности. Во 2018 година, независен комитет на ОН од експерти за човекови права пресуди дека овој закон ја нарушува верската слобода на француските муслиманки.

Но, додека медиумите генерално не ја покриваа приказната за потребите на муслиманите во Франција, нивниот третман од страна на властите и условите за живот, проблемот меѓу различностите и верската нетрпеливост кулминира во 2015 година.

Еден од првите поголеми терористички напади во Франција беше убиството во просториите на списанието „Шарли Ебдо“. На 7 јануари 2015 година, двајца мажи влегоа во канцелариите на сатиричното списание, убија 12 и повредија 11 лица. Нападот бил извршен затоа што списанието објавило сатирични карикатури на пророкот Мухамед. Напаѓачите биле Французи со алжирско потекло, а Ал Каеда ја презеде одговорноста за нападот. На 13 ноември истата година, беа извршени повеќе напади, вклучително и самоубиствени бомбашки напади на националниот фудбалски стадион и напади со

огнено оружје на неколку популарни дестинации за ноќен живот. Најголемиот од овие напади се случи на концерт во театарот „Батаклан“. Севкупно, во овие напади загинаа 130 луѓе, додека 350 беа повредени. За овие напади одговорноста ја презеде терористичката организација Исламска Држава – ИД. На 14 јули 2016 година, товарен камион помина низ маса луѓе на прославите на Денот на Бастилја во Ница, при што загинаа 86, а беа повредени 303 лица. Овој напад беше извршен од Тунижанец што живее во Франција, а ИД исто така ја презеде одговорноста за него. На 16 октомври 2020 година, наставник по име Самуел Пети беше обезглавен од 18-годишен муслиман. Пети стана цел на кампања на социјалните мрежи откако наводно покажал карикатури на пророкот Мухамед, а неговото убиство францускиот претседател го нарече исламистички терористички напад.

И покрај тоа што многу муслимански официјални лица ги осудија овие убиства, по овие терористички напади имаше нагло зголемување на бројот на нападите врз муслиманите и џамиите, а анкетите и резултатите на екстремно десничарската партија на Марин Ле Пен јасно ни дадоа до знаење дека екстремната десница е во сериозен подем.

### 5.1.2 Германија

Партијата Алтернатива за Германија (Alternative fur Deutschland) стана првата екстремно десничарска група што влезе во Бундестагот по Втората светска војна, тоа беше директен одговор на политиката на канцеларката Ангела Меркел за „отворени врати“ за сириските бегалци. Оваа партија беше формирана во 2013 година и важеше за екстремно десничарска партија. Од 2015 година нивната идеологија се темели на антимиграциски политики, исламофобија и враќање на националконзерватизмот како оснава за зачувување на државата. Оваа партија има поголема поддршка во поранешната Западна Германија, додека во некогашната Источна Германија најсилен рејтинг има во источен Берлин. Нивната подрршка нагло почна да расте по 2015 година и бегалската криза. Во тој период, канцелар на Германија беше Ангела Меркел.

Канцеларка Ангела Меркел во својата кариера се бореше за правата на мигрантите и бегалците што пристигнуваа во нејзината земја, како и во другите земји членки на Европската Унија. Тоа го докажа и со својата покана и изјава „Ќе успееме“

(„Wir schaffen das“)[84] во 2015 година во екот на бегалската криза. Како еден од ретките политичари што, освен за политичар со интегритет, важи и за исклучителен визионер, канцеларката Меркел сакаше да докаже дека европските вредности за човекови права, како и солидарноста, се придобивка за сите, особено за економијата на земјата, која се соочуваше со огромен недостиг на работна сила . Но овој чекор на прифаќање на бегалци од Африка и Блискиот Исток создаде тензија што беше искористена од страна на христијанските екстремно десничарски партии – Социјална унија и Баварски сојузници во тимот на канцеларката да ја продолжат својата антимиграциска агенда, како и мобилизацијата на повеќе поддржувачи за поголема политичка моќ.

Мобилизацијата на ресурсите, како и на гласачите, е една од главните цели на политичките партии, особено во кризните моменти. Тоа што може да се забележи во оваа партија е дека за прашањата од моментот на своето создавање таа беше критички настроена кон евро-валутата, како и програмата на Европската Унија за финансиска помош за Грција, и радикализацијата на оваа партија особено дојде до израз во екот на бегалската криза, кога за многу кратко време голем број бегалци пристигнаа во Германија[85]. Ставот и гледиштата на партијата се градат во насока за народ од кој се исклучуваат некои културни, религиозни и етнички групи со цел да се создаде заедница на „чесни Германци“, кои ќе се борат против заканите од имиграцијата, како и злонамерните политички партии[86].

Со подемот на екстремните десничарски партии, очекувано се појавија и поединци задоени со таа идеологија. Па така, на 22 јули 2016 година во трговски центар во Минхен, со огнено оружје беа убиени 10, а ранети 36 лица. Во терористичкиот напад е убиен и извршителот за кого подоцна во истрагата е утврдено дека сакал да се одмазди на луѓето со имигрантско потекло. Според студија на World View Diversity and Democracy од 2019 година, 30 % од испитаниците не сакале да имаат муслиман за сосед, а дури 52 % од испитаниците исламот го доживуваат како закана за нивната

[84] Петер Хиле, „Пет години од славната изјава на Меркел: Успеавме ли?“, Deutsche Welle, 01.08.2020 https://www.dw.com/mk/пет-години-од-славната-изјава-на-меркел-успеавме-ли/a-54775048, пристапено на 21.6.2023.
[85] Volker Witting, “Germans’s far-right AfD marks 10 years since its founding”, Deutsche Welle, 02.05.2023 https://www.dw.com/en/germanys-far-right-afd-marks-10-years-since-its-founding/a-64607308, пристапено на 20.6.2023.
[86] Jakob Schworer , “Radical Right Movement Parties in Europe, Afd from the sreets to the Parliament”, Routlege London and New York, 2019, стр. 38.

безбедност[87]. Кулминацијата на поддршка на радикално десничарските партии се случи во 2017 година кога Алтернатива за Германија успеа да добие места во Бундестагот.

Екстремно радикалните изјави од страна на членовите на партијата, особено по бегалската криза, се еден од најбитните моменти во дискурсот на оваа партија. Ваквите изјави, како и комбинацијата на антиимигрантската политика со популистичките агенди, уште еднаш го потврдија дискурсот на оваа партија како екстремно-десничарска партија. Ако се согледаат промените од создавањето на оваа партија, може да се забележи дека миграциските движења, како и бегалската криза од 2015 година, имаа влијание врз еволуцијата на оваа партија и приклучувањето на елитните професори кон партијата, која пак, наместо да се занимава со порелевантните проблеми на обичните граѓани, фокусот го стави на проблемите како миграцијата и исламизацијата на Германија[88].

Иако последните десет години екстремно десничарската партија Алтернатива за Германија беше во опозиција и иако членовите на советот од главните партии, каде што се вклучени Левата партија, Зелените и Христијанска демократска унија (CDU)[89], обединето се спротивставуваат кон коалицирање со Алтернатива за Германија, нејзината популарност не паѓа, особено во источна Германија, исто како и нејзината цел која што е насочена кон учество во владата на федерално ниво.

### 5.1.3 Шведска

Шведска е земја позната по изразот „шведска исклучителност" (Swedish Exceptionalism)[90]. Со децении наназад Шветска промовира национален наратив за прифаќање на бегалци и азиланти, мултикултурализам, како и универзални човекови права, без разлика на земјата, културата и контекстот. Таа важеше за земја бастион на

---

[87] Oliver Towfigh Nia, "East Germany gripped by surging xhenophobia, Islamophobia", Anadolu Agency, 08.11. 2019
East Germany gripped by surging xenophobia, Islamopobia (aa.com.tr), пристапено на 30.6.2023.
[88] Jakob Schworer ,"Radical Right Movement Parties in Europe, Afd from the sreets to the Parliament", Routlege London and New York, 2019, стр. 42-43.
[89] Emily Schultheis , "German's Far-Right 'Firewall' Is Starting to Crack", Foreign Policy, 20.02.2023
https://foreignpolicy.com/2023/02/20/germany-far-right-afd-bundestag-populism/ , пристапено на 30.6.2023.
[90] Danielle Lee Tomson, "The Rise of Sweden Democrats and the end of Swedish Exceptionalism", Brookings,25.03.2022
https://www.brookings.edu/research/the-rise-of-sweden-democrats-and-the-end-of-swedish-exceptionalism/, пристапено на 2.7.2023.

демократијата, владеење на правото и слободното изразување, недискриминација, но последната деценија, со приливот на мигранти и бегалци, особено од земјите на Блискиот Исток, го означува крајот на шведската исклучителност. Шведска со децении наназад постојано се рангираше меѓу најсреќните, најслободните, најлибералните и најпријателските држави кон мигрантите во светот. Во Шведска новинарите имаа целосна слобода на говор, а ЛГБТ-заедницата токму во Шведска се чувствуваше најбезбедно. Но, по мигрантската криза од 2015 година, политичките избори во Шведска преку броеви покажаа сериозни промени во корист на екстремната десница.

Иако подемот на десно ориентираните партии започна од 2017 година, кулминацијата се случи на општите избори во септември 2022 година. На изборите, од вкупниот број 349 членови на Риксдагот, или законодавниот дом, десничарските шведски демократи освоија нето-добивка од 11 нови места, или вкупно 73, надминувајќи ги умерените, со што станаа втора најпопуларна партија во земјата зад левичарските социјалдемократи. Ова беше шокантно за многу Швеѓани и набљудувачи на изборите, според Елизабет Асбринк, авторка на „Произведено во Шведска: 25 идеи што создадоа земја“ овие избори „го означија крајот на шведската исклучителност“.

Подемот на шведските демократи во шведската политика може да се припише на комбинација од неколку фактори, вклучувајќи ја имиграцијата, незадоволството од главните партии и промената кон десничарскиот популизам. Шведските демократи (Sverigedemokraterna) се екстремно десничарска политичка партија во Шведска, основана во 1988 година. Првично, партијата имаше ограничен успех и се сметаше за гранична група со екстремистички ставови. Во текот на изминатата деценија, шведските демократи доживеаја значително зголемување на популарноста и изборната поддршка. Многу аналитичари за овој подем на шведските демократи за клучен фактор го сметаат прашањето на имиграцијата. Шведска традиционално има политика на отворени врати кон бегалците и имигрантите, прифаќајќи голем број баратели на азил во споредба со другите европски земји. Оваа политика доведе до загриженост кај некои Швеѓани за влијанието на имиграцијата врз општеството, вклучувајќи прашања поврзани со интеграцијата, стапката на криминал и зависноста од социјалната помош. Шведските демократи ги искористија овие грижи со залагање за построги имиграциски политики и постојано ја нагласуваа потребата да се заштитат шведската култура и вредности.

Друг фактор што придонесе за подемот на шведските демократи е незадоволството од главните политички партии. Многу Швеѓани се чувствуваа разочарани од традиционалните политички партии и ги доживуваат како недопирливи за обичните граѓани. Ова чувство е поттикнато од прашања како што се зголемената нееднаквост во приходите, перципираниот елитизам меѓу политичарите и чувството дека главните партии не се занимаваат со грижите на обичните луѓе. Шведските демократи се позиционираа како алтернатива на овие мејнстрим-партии, претставувајќи се како глас на обичните Швеѓани, кои се чувствуваат игнорирани од политичкиот естаблишмент.

Понатаму, порастот на десничарскиот популизам низ Европа, исто така, одигра улога во успехот на шведските демократи. Слично на другите популистички движења, шведските демократи го искористија чувството за национализам и идентитетска политика. Тие се претставија себеси како бранители на шведската култура и вредности против согледаните закани од глобализацијата, мултикултурализмот и наднационалните институции како што е Европската Унија. Оваа порака одекна кај значаен дел од шведскиот електорат, кој чувствува вознемиреност поради променливата природа на општеството и ерозијата на националниот идентитет.

Но да се вратиме на прашањето каква политичка опција се всушност шведските демократи. Создадени во 1988 година од страна на членовите на некогашна неонацистичка група – Keep Sweden Swedish (1979), the far right Sweden Party (1986) и The Progress Party (1968), важеа за ретроградна партија, која немаше никаква поддршка меѓу граѓаните. Шведските демократи беа партија перципирана како партија на екстремни националисти, која промовираше антимигрантска и анти ЕУ политика. Дури 20 години по нивното основање (во 2010 година) успеваат да влезат во парламентот со освоени 5,7 % од гласовите и 20 места. Посериозно остварување бележат дури во 2018 година со освоени 17,5 % од електоратот. Ова остварување се должи пред сè на бегалската криза, која во Шведска кулминира во 2015 година. Шведска прими околу 163 000 барања за азил и стана втора држава со најголем број барања за азил по жител во Европа[91]. Политикологот Мартисон овој успех го означува на следниов начин:

[91] "Number of Refugges to Europe Surges to Record 1.3 million in 2015", Pew Reserch Center, 02.08.206 https://www.pewresearch.org/global/2016/08/02/number-of-refugees-to-europe-surges-to-record-1-3-million-in-2015/ , пристапено на 3.7.2023.

„Главната причина за успехот на партијата во последната деценија беше уникатно високиот број на баратели на азил во Шведска и невообичаено брзото менување на демографијата во однос на етничката припадност и уделот на државјани родени во странство“[92].

Според истражувањата што се направени со членовите на партијата, како и поддржувачи на шведските демократи, сите ја нагласуваат бегалската криза во 2015 година, која ја поврзуваат со зголемено насилство, социјално-економската состојба, како и културолошките и религиските разлики што влијаат во секојдневието и тешкотиите во интеграција на имигрантите во секуларна социјална држава како што е Шведска[93]. На изборите во 2022 година левоориентираните партии во Шведска ја загубија власта, а шведските демократи ѝ дадоа поддршка на новата власт предводена од партијата на умерените, а Швеѓаните по првпат од Втората светска војна добија влада од десноориентираните блок-партии.[94]

Како дел од оваа коалиција, партијата на шведските демократи сè повеќе се залага за намалување на миграцијата и барателите на азил во својата земја, но и во другите земји членки на Европска Унија, со тоа што се насочуваат кон заштита на внатрешните граници на ЕУ и кон зголемување на економската помош за земјите погодени од кризата или земјите надвор од Европската Унија каде што се сместени бегалците.

### 5.1.4 Данска

Данска е социјална држава што е позната по прогресивната политика, особено во делот на човековите права, како и хуманоста, и земја што беше една од првите држави што станаа членки на Конвенцијата на ОН и која ја создаде хуманитарната организација Дански совет за бегалците ( Danish Refugee Council), финансирана од страна на данската

---

[92] Sonya Angelica Diehn,” The Astonishing Rise of the Right Wing Sweden Democrats”, Deutsche Welle, 15.09.2022
https://www.dw.com/en/swedish-election-the-astonishing-rise-of-the-right-wing-sweden-democrats/a-63100694, пристапено на 3.7.2023.

[93] Danielle Lee Tomson “The Rise of Sweden Democrats and the end of Swedish Exceptionalism”, Brookings, 25.03.2022
https://www.brookings.edu/research/the-rise-of-sweden-democrats-and-the-end-of-swedish-exceptionalism/, пристапено на 2.7.2023.

[94] Jon Henley, “The Swedesh parties agreed coalition with backing of far-right”, The Guardian, 14.10.2022
Swedish parties agree coalition with backing of far-right | Sweden | The Guardian, пристапено на 4.6.2023.

влада и јавност, која им дава поддршка на бегалците и раселените лица[95]. Но, ако ја согледаме моменталната политика за миграции и бегалци, Данска може да се смета за една од земјите на Европската Унија што имаат најагресивни антимиграциски политики[96].

Социјалдемократите во Данска (SD), во подготовките за изборите во 2022 година, ги користеа антиимиграциската политика и слоганот „Праведно и реалистично". Нивниот мејнстрим е создавање „центри за прифаќање" надвор од Европа, со што би се намалил протокот на мигранти во Данска. Исто така, тие го поддржуваат Маршаловиот план[97] за Африка, со што се надеваат дека ќе ги убедат повеќето мигранти да останат дома.

Како партија со идеологија за социјална држава, оваа партија се соочи со спротивставените ставови меѓу либералната миграциска политика и притисоците од напливот на мигрантите, особено по напливот на бегалци и баратели на азил од 2015 година, што во прашање ја стави благосостојбата на државата[98]. Финансискиот товар на имиграцијата, како и издржувањето на бегалците, ја насочи партијата да ги редефинира своите приоритети и да ги смени своите ставови кога се во прашање политиките насочени кон мигрантите и бегалците. Една од причините за заострување на овие политики придонесе е и големиот број традиционални гласачи, кои почнаа сè повеќе да ги поддржуваат антиимиграцските и десничарски партии во Данска, како што е Данската народна партија (Dansk Folkeparti). За да го задржи електоратот, владејачката партија на социјалдемократите во Данска ја усвои антимиграциската агенда на десницата и нејзините политики, што беше инспирација и за други екстремно десничарските партии

[95] Edward Delman, "How not to welcome refugees", The Atlatic, 27.01.2016 Refugee Crisis: What's Behind Denmark's Harsh New Immigration Law? - The Atlantic, пристапено на 4.7.2023.

[96] Lisa Abend/Vordinborgm, "An Island for 'unwanted' Migrants in Denmark's Lates Aggreassive Anti-Immigration Policy", Time, 16.01.2019 https://time.com/5504331/denmark-migrants-lindholm-island/, Lisa Abend , пристапено на 10.7.2023.

[97] Маршаловиот план за Африка, именуван по помошта на САД, кој започна со заздравување на Западна Европа по Втората светска војна, е дел на мерки на канцеларката Ангела Меркел за намалување на бегалски текови со подобро споделување на трошоците за хуманитарните прашања меѓу Европа, Блискиот Исток и Африка. https://www.bmz.de/en/publications/type_of_publication/information_flyer/information_brochures/Materialie270_africa_marshallplan.pdf,

[98] Peter Nedergaard," The Immigration PolicyTurn, The Danish Social Democratic Case", 25.05.2017 https://samf.ku.dk/presse/kronikker-og-debat/the-danish-social-democratic-case/, пристапено на 12.7.2023.

во Европа[99]. Екстремно десничарската партија, која во суштина никогаш не била дел од владата, има свои механизми во парламентот да ги промовира своите антимиграциски политики, како и да врши притисок за нивна практична примена. Моментално владата на Данска, која е управувана од левичарската коалиција предводена од социјалдемократите, се соочува со некаков вид притисок не само од страна на гласачите, особено од работничка класа, туку и од Данската народна партија, која ги користи своите мандати за изгласување нацрт-закони што се однесуваат на други прашања, но за возврат бара да се поддржат иницијативи и законски решенија што се насочени кон ограничувања за прашања поврзани со миграциските политики.

Еден од низата закони што се насочени кон намалување на барателите на азил во оваа земја е донесен во јуни 2022 година. Законот овозможува процесирање на барањата за азил надвор од земјата, поточно од Европа. Овој закон, кој беше предложен од страна на владејачката коалиција, ќе овозможи да се релоцираат барателите на азил во центрите за азил надвор од земјата или поточно во земјите партнери, потенцијални земји надвор од Европа[100] со тоа што процедурата ќе биде такво што барањата ќе се поднесуваат на границите на Данска, но ќе се процесираат од страна на земјите партнери каде што барателите на азил ќе бидат сместени. „Ако аплицирате за азил во Данска, знаете дека ќе бидете вратени во земја надвор од Европа, и затоа се надеваме дека луѓето ќе престанат да бараат азил во Данска", изјави претседателот на владината партија за имиграција, Расмус Стоклунд[101]. Донесувањето на ваков закон од страна на земја членка на Европската Унија ќе има последици, како и компликации, во напорите на Европската Унија, која уште од 2015 година се соочува со фрагментирани правила за миграција и азил од одредени земји членки, и ќе ги отежни напорите за консолидирана и заедничка политика во делот за миграцијата и азилот. Овој закон, кој може да биде пример и за другите земји членки на Европската Унија, исто така ги загрозува напорите на

[99] Farhiya Khalid and Nikolaj Houmann Mortensen, "Denamark set to keep antimigrantpoliy regardless of vote results", Aljazeera, 25.10.2022
https://www.aljazeera.com/features/2022/10/25/denmark-set-to-keep-anti-migrant-policy-regardless-of-vote-result, пристапено на 20.7.2023.

[100] Chantal Da Silvia, "Denamark passes a law to send its asylum seekers Denmark passes a law to send its asylum seekers outside of Europe", Euronews, 03.06.2021
https://www.euronews.com/2021/06/03/denmark-passes-a-law-to-send-its-asylum-seekers-outside-of-europe , пристапено на 20.6.2023.

[101] Nikolaj Nielsen, "Commission: outsourcing asylum'illegal', after new Danish law", Euobserver, 04.06.2021 Commission: outsourcing asylum 'illegal', after new Danish law (euobserver.com), пристапено на 20.7.2023.

Европската комисија, која донесе нови правила, како и предлозите во новиот Пакт за миграција и азил да се надминат несогласувањата, сѐ со цел да се создаде унифицирана политика на земјите членки на Европската Унија за овие прашања[102].

### 5.1.5 Италија

Тоа што може да се забележи кога е во прашање Италија, по Втората светска војна и колапсот на фашизмот, е дека гласачите почнале да се оддалечуваат од десничарските политички партии. Единствена екстремно десничарска политичка партија што уште опстојувала била партијата Социјално движење на Италија (*Movimento Sociale Italiano-MSI*), формирана од страна на фашистичките лидери и ветерани, псоточно од страна на Џорџо Алмиранте (Giorgio Almirante) во 1947 година[103]. Џорџо бил шеф на кабинетот на Мусолини и останал верен на своите идеали дури и по војната.

Оваа партија имала релативно мала поддршка од италијанскиот електорат, но нејзиното присуство на италијанската политичка сцена не е занемарливо, особено во делот на протажирање на аворитаризмот и национализмот на Италијанците врз сите други граѓани.

Но во 1980-тите се случуваат драматични промени во партијата, која доживува успех и добива 42 преставници во Домот на пратеници, како и нов лидер, Џанфранко Фини[104]. Откако партијата губи поддржувачи во 1990-тите, се менува на помалку идеолошки карактеристична партија, која ја именуваат Национална алијанса (National Alliance-Allenaza Nazionalle).

Оваа партија, која се преместува кон идеолошки центар, станува прва екстремно десничарска партија со фашистички корени по Втората светска војна што влегува во влада. Во 2007 година Националната алијанса се приклучува кон партијата на

---

[102] Nikolaj Skydsgaard, "Denmark passes law to process asylum seekers outside Europe", Reuters, 03.06.2021 https://www.reuters.com/world/europe/denmark-agrees-law-deport-asylum-seekers-outside-europe-2021-06-03/, пристапено на 20.7.2023.

[103] How a party of neo-fascist won gig in Italy, Nicole Winfield. AP News, 02.09.2022 https://apnews.com/article/elections-rome-italy-6aa9fcb003071c307190a4053f199d98, пристапено на 27.7.2023.

[104] Gulio Zanelli, Laura Panza, Eik Swee, Marco Lecci, "Historical anti-fascism and right-wing voting in Italy", Vox EU, 26.09.2022 https://cepr.org/voxeu/columns/historical-anti-fascism-and-right-wing-voting-italy, пристапено на 27.7.2023.

Берлускони, Форца Италија (Forza Italia), создавајќи нова централно-десничарска политичка групација Народ на слободата (Popolo della Liberta-PdL)[105]. Но, по кратко време, во 2013 година, со распуштање на оваа партија, нова и мала партија Браќата на Италија (Brothers of Italy-Fatelli d'Italia) станува главна екстремно десничарска партија во Италија и за кратко време една од водечките партии.

Северната лига (Northern League-Lega Nord), или попозната само како Лига, исто така е една од највлијателните, но и најстара екстремно десничарска партија во Италија. Партијата е долго време активна на политичката сцена, но дури по бегалската криза од 2015 година добива и внатрешен, но и меѓународен публицитет[106]. Оваа партија, предводена од Матео Салвини, добива сериозна поддршка на генералните избори во 2018 година и станува трета партија по големина и дел од владејачката коалација на десноориентираните партии Five Start Movement-M5S и Democratic Party-PD. Освен антимигрантската и антиевропската политичка агенда, Лига се насочува повеќе кон национализамот отколку регионализмот, нагласувајќи ја идејата „Италија прва"[107], или со други зборови, оваа партија во фокусот на своето дејствување ги има интересите пред сè на Италијанците по корен, а дури потоа на другите што живеат во Италија.

Како еден од првите планови што ги презентираа заедно со коалициските партнери беа изградба на центри за притвор со цел да се депортираат околу 500 000 илегални мигранти. Исто така нивната политика кон азилантите, како и кон Даблинската рргулатива на Европската Унија, договор што предвидува баратели на азил да се процесираат во прва земја на влез во ЕУ, особено од страна на Салвини беа ригорозно критикувани и насочени против мигрантската политика на Европската Унија, што најдобро се гледа преку неговата радикална изјава, нарекувајќи ја Унијата „злосторство против човештвото"[108].

---

[105] Britanica, National Alliance Political party, Italy
https://www.britannica.com/topic/National-Alliance, пристапено на 27.7.2023.
[106] "The Rebarnding of the Legal Nord", Italian Culture, 28.04.2021
https://nuitalian.org/2021/04/28/the-rebranding-of-the-lega-nord/, пристапено на 27.7.2023.
[107] "The Rebarnding of the Legal Nord", Italian Culture, 28.04.2021
https://nuitalian.org/2021/04/28/the-rebranding-of-the-lega-nord/, пристапено на 27.7.2023.
[108] Wesley Docker," What is the Legal Nord and their policy towards migrants?", InfoMigrants, 22.06.2022
What is the Lega Nord and their policy towards migrants? - InfoMigrants, пристапено на 27.7.2023.

На 25 септември 2022 година, десничарска коалиција формирана од страна на Браќата на Италија, Лига и Форца Италија одбележува враќање на најдесничарската влада во Италија од 1920-тите[109].

Новата влада предводена од Џорџија Мелони уште продолжува со порестриктивни политики за миграција, меѓу другото поддржувајќи ја Либија да ги врати мигрантите, како и барателите на азил, во нивните матични земји, и покрај тоа што таму тие би биле изложени на ризик за животот[110].

Меморандумот на разбирање меѓу Либија (поточно либиската влада) и Италија, поддржан од Обединетите Нации и од страна на Европската Унија, се потпиша на 2.2.2018 година. Целта на овој договор беше да ги заштити националните граници, да ја елиминира нерегуларната миграција и трговијата со луѓе, како и да ја зајакнне соработката со трети земји[111]. Со овој договор делумно се намалија пристигнувања на мигранти на италијанскиот брег, но, од друга страна, тој предизвика големи полемики, особено во делот за заштита на правата на бегалците и барателите на азил.

Новата влада на Мелони продолжува да го поддржува Меморандумот за разбирање со Либија и има цел да го намали бројот на мигрантите што пристигнуваат во Италија, но и да ги заштити границите на Европската Унија од илегалната миграција, како и постриктни мерки за редистрибуциј на веќе пристигнатите бегалци кон другите земји членки на Европската Унија. Ваквите политики се зацврстување на ставот за контролирање на миграцијата кон другите земји членки, што се поклопува со националистичките политики во однос на миграцијата на Унгарија и Полска. Политиките во однос на мигрантите и барателите на азил можат да станат дел и од официјалната политика на Унијата доколку државите предводени од екстремната десница успеат во рамките на Европскиот совет да формираат група што надминува 35

[109] Filippo Guidi, “Italy’s new government: new game changer of European politics”, Lighthouse Europe, 17.11.2022
https://www.lighthouseeurope.com/italy-s-new-government, пристапено на 30.7.2023.
[110] Tirana Hassan, “Italy Events of 2022”, Human Right Watch, 2022
https://www.hrw.org/world-report/2023/country-chapters/italy, пристапено на 1.8.2023.
[111] Victoria Ceretti , “Italy-Libiya Memirandum of Undestanding: An affront to the fundamental human rights of migrants, refugees, amd asylum seekers”, Euro-Med Human Right Monitoring, 01.08.2023
https://euromedmonitor.org/en/article/5561/Italy-Libya-Memorandum-of-Understanding:-An-affront-to-the-fundamental-human-rights-of-migrants,-refugees,-and-asylum-seekers, пристапено на 1.8.2023.

% од гласачите на Унијата и тогаш тие би имале сериозно влијание врз донесување на директивите и актите во однос на мигрантските политики[112].

Теоретски и историски гледано, Италија е држава предводена од најекстремна десница бидејќи партиите што сега се на власт влечат корени од некогашните партии на власт на фашистичка Италија. Како земја членка на ЕУ што секогаш е прва земја на ударот од мигрантските бранови, антимигрантските политики секогаш биле и ќе бидат дел од агендите на сите полички партии, особено на екстремно десничарските. Тоа што земјата исто така долго време се бори со криминалните структури поврзани со мигрантите и зголемениот криминал, особено во одредени предели на Италија, им оди во прилог на партиите што се борат за власт и ја поврзуваат зголемената стапка на криминал со зголеменото присуство на мигрантите.

### 5.1.6 Австрија

Партијата на слободните на Австрија (German. Freiheitliche Partei Österreichs, FPÖ) е една од најголемите партии, како и најпопуларна десничарска популистичка националконзервативна партија. Во 2017 година оваа партија на народните предвремени законодавни избори освои 26 % од гласовите, со тоа што стана трета партија и влезе во коалициска влада со партијата на Себастијан Курц, Австриска народна партија (ÖVP)[113]. Коалицијата на овие партии се распаѓа со избивањето на корупцискиот скандал, како и оставката на Хајнц-Кристијан Штраих како заменик-канцелар и лидер на партијата FPÖ. По колапсот на коалицијата и принудената оставка на канцеларот Курц од својата функција, како и напуштање на раководството на својата партија (ÖVP) поради обвинувања за корупција, раководството на партијата го избира Карл Нехамер, тогашниот министер за внатрешни работи, за лидер на партијата и канцелар на

---

[112] Filippo Guidi , "Italy's new government: new gamw changer of European politics", Lighthouse Europe, 17.11.2022 https://www.lighthouseeurope.com/italy-s-new-government, пристапено на 1.8.2023.
[113] "Radical Right-Wing Political Parties and Groups", Civil Nation, https://civic-nation.org/austria/society/radical_right-wing_political_parties_and_groups/ , пристапено на 1.8.2023.

Австрија[114]. По корупцискиот скандалот Ibizagate[115] и новите избори со формирањето на новата федерална влада со коалицијата меѓу Партијата на зелените (Green Party) и Австриската народна партија (ÖVP), се разбуди надежта дека и другите политики, особено во делот на миграциските гледишта, ќе се сменат или ќе се ублажат.

Ако се земе предвид дека миграциските предизвици секогаш биле дел од австриската политика и по бегалската криза, како и рестрикциите предизвикани од пандемијата со КОВИД-19, Австрија уште се соочува со голем број баратели на азил (во 2022 година се регистрирани 68 000 мигранти)[116]. Изјавата на канцеларот Карл Нехамер: „Сѐ додека ЕУ не интервенира со ефективни мерки, ние мора да си помогнеме, но затоа, Австрија прави сѐ сама за да се заштити“, само ја потврди нефункционалноста на политичките инструменти на Европската Унија во насока на излегување накрај со миграциските предизвици. Од друга страна, екстремно десничарската партија ФПО бара конкретни мерки од страна на федералната влада. Државниот партиски секретар и портпарол за безбедност на ФПО, Горна Австрија, Михаел Грубер, со отворени партиски ставови и директно бараше порадикални конкретни мерки за барателите на азил: „Не ни требаат азиланти, туку ’тројно А‘ за Австрија: отфрлање, одбивање и депортација! ( Abweisen, Aberkennen und Abschieben)“[117]. Прашање е дали канцеларот може да ги игнорира политиките на Европската Унија, како и правата на бегалците и хуманитарните обврски, кои исто така се дел од Конвенцијата за бегалците на ОН.

Очекувањата се дека новата коалициска федерална влада каде што зелените се дел од владата, како и првата федерална влада што вклучува целосен министер за интеграција, нема да даде резултати кога се во прашање мигрантите и бегалците. Сепак,

[114] “Freedom in the World 2022, Austria”, Freedom House, 2022 https://freedomhouse.org/country/austria/freedom-world/2022 , пристапено на 1.8.2023.
[115] Philip Olterman ,“Austria’s Ibiza scandal’: what happened and why does it matter?”, The Guardian, 20.05.2019 https://www.theguardian.com/world/2019/may/20/austria-ibiza-scandal-sting-operation-what-happened-why-does-it-matter, пристапено на 1.8.2023.
[116] Nikolaus Kurmayer, “Migration again a hot topic in Austria as Flows increase ‘dramatically’”, Euroactiv, 11.10.2022 https://www.euractiv.com/section/energy-environment/short_news/migration-again-a-hot-topic-in-austria-as-flows-increase-dramatically/, пристапено на 3.8.2023.
[117] Brigitt Thurner , “FPO- Gruber: Wir wollen keener Asylquartiere, sondern einen sofortigen Aslstopp”, OTS, 11.11.2022, https://www.ots.at/presseaussendung/OTS_20221111_OTS0027/fpoe-gruber-wir-wollen-keine-asylquartiere-sondern-einen-sofortigen-asylstopp , пристапено на 15.8.2023.

во оваа коалициска влада преовладуваат политиките на партијата ÖVP, кои ги заоструваат своите антимиграциски ставови[118].

Новата влада предводена од канцеларот Карл Нехамер од централнодесничарската партија водеше кампања насочена кон намалување на мигрантите во Австрија со тоа што најави дека ќе ја укине социјалната помош на мигрантите по една година од нивното пристигнување во оваа земја[119]. Нехамер отиде и еден чекор понапред давајќи изјава дека надворешните граници на Унијата треба да се заштитат со ограда и висок ѕид во обид да се спречи илегалната миграција, „Треба да изградиме заштита, многу високо и многу длабоко во земјата, слична на онаа на САД со Мексико, и таа да биде постојано надгледувана. Сè повеќе бегалци доаѓаат во Европа, а многу заедници веќе немаат мир“[120].

Додека моменталната влада стриктно бара модификација на миграциската политика на Европската Унија и се залага за порестриктивни мерки кон мигрантите, екстремно десничарската Партија на слободните на Австрија води во националните анкети. Следните редовни избори во Австрија ќе бидат одржани на почетокот на следната 2024 година[121].

### 5.1.7 Унгарија

На почетокот на XXI век, десничарските екстремистички идеи беа интегрирани во одредени политички партии и извршија големо влијание врз политичарите. Во 2010 година, Виктор Орбан стана премиер на Унгарија. За време на неговиот прв мандат, уште пред бранот на бегласката криза од 2015 година, тој јавно ја изразуваше антиимиграциската политика и тврдеше дека Европа ќе биде заземена од надворешни

---

[118] Lunger Helms, Rudolf Winter-Ebmer, Reimut Zohlnhofer, “Austrian Report”, Sustainable Governence Indicators 2022. стр. 22.
[119] Nikolaus J.Kurmayer, “Nehammer to team up with Nordic on EU migration transformation”, Euroacttiv, 03.04.2023 https://www.euractiv.com/section/politics/news/nehammer-to-team-up-with-nordics-on-eu-migration-transformation/, пристапено на 15.8.2023.
[120] “EU Border Should Be Fenced by High and Stable Wall-Similar to US-Mexico Border. Austrian Chancellor Says”, Shengenvisa news, 20.03.2023 https://www.schengenvisainfo.com/news/eu-borders-should-be-fenced-by-high-stable-wall-similar-to-us-mexico-border-austrian-chancellor-says/ , пристапено на 15.8.2023.
[121] , Matthew Karnitsching, “Austria sticking to veto on Schengen expansion, foreign minister says”, Politico, 27.04.2023, https://www.politico.eu/article/austria-sticking-to-veto-on-schengen-expansion-foreign-minister-says/, пристапено на 18.7.2023.

култури и групи. Оваа реторика уште пред напливот на бегалците му овозможи на Орбан да ја добие довербата од граѓаните и да се стекне со власт.

Унгарија беше една од земјите на патот на големите миграциски текови на бегалци што бараа да најдат безбедно место за живеење во Европа. Бројот на бегалците што влегоа во Унгарија се удвои помеѓу 2011-2012 и 2015 година. Според неофицијалните бројки што ги споменуваат политичарите, низ Унгарија во 2015 година поминале 140 000 бегалци. За разлика од Унгарија, која сериозно се спротивстави на приемот на мигрантите во границите на Унијата, старите земји членки на ЕУ како што се Германија, Франција, скандинавските земји и Италија ја демонстрираа својата подготвеност да прифатат и да интегрираат поголем број бегалци. Унгарија зазеде сосема поинаква позиција. Речиси веднаш по појавата на проблемот со миграцијата, унгарската влада најави изградба на бариера од 175 километри по должината на јужната граница со Србија. Во есента 2016 година, Унгарија почна да гради нов, помоќен ѕид на својата граница со Србија. Беше планирано да се опреми ѕидот со сензори за топлина и со видеонадзор. И покрај незадоволството на официјалните власти на Европската Унија, одлуката за изградба на таков ѕид не беше променета.

Во февруари 2016 година, унгарскиот премиер Виктор Орбан, лидер на десничарска конзервативна и во суштина националистичка партија, најави референдум за прифаќањето мигранти, бидејќи, според него, системот на квоти на кој инсистираше Европската комисија „ќе го промени унгарскиот и европскиот национален, културен и верски идентитет“[122]. Речиси цела 2016 година ја одбележа таканаречениот унгарски „референдум за мигрантите“ – на 2 октомври 2016 година на иницијатива на унгарските власти се одржа референдум за изводливоста на доделување квоти за мигрантите во Европската Унија. Одлуката за распределба на квоти за прием на бегалци во согласност со одлуката на официјален Брисел беше донесена есента 2015 година и наиде на упорно одбивање во Унгарија – пред сè на владино ниво. Официјална Будимпешта зазеде недвосмислен став за предложеното прашање, тоа се одрази во официјалниот дискурс на властите и во агитација: „Не ризикувајте! Гласајте нè!“.

[122] Fidesz/Jobbik,” Right-Wing Populism in Center Europe: Hungarian Case”, Universidad Del Zulia journal, 10.09. 2020
https://www.redalyc.org/journal/279/27965040037/html/, пристапено на 20.8.2023.

Според квотата, Унгарија во 2016 година би требало да прифати не премногу мигранти и бегалци – 1 294 лица. Во споредба со земјите домаќини како Италија и Франција, овој број изгледа мошне незначителен. Важно е да се земе предвид не само бројот на мигранти како таков туку и динамиката на миграциските текови низ Унгарија и односот на бројот на мигранти со населението на Унгарија. Унгарија е традиционално земја со речиси еднонационално население – над 83 % од жителите на земјата се етнички Унгарци. Во исто време, другите 17 % се претежно претставници на културно и религиозно блиски етнички групи. Веројатно, тензичниот однос и изразеното отфрлање на странско-културните мигранти и бегалци во Унгарија е исто така последица на доминантната моноетничка припадност на општеството.

Владата што го иницира референдумот не ја криеше својата негативна позиција кон прифаќањето мигранти, како што премиерот Виктор Орбанхас постојано изјавуваше: „Потомците на оние што пуштаат мигранти сега ќе живеат во друг свет" (Pirro&Róna: 2019, стр. 603- 626)[123]. Ова на многу начини е слично на претставниците на другите десничарски партии во Европа, особено со лидерот на италијанската Лига, Матео Салвини, кој користеше слична реторика за време на својата изборна кампања. Во повикот да не им се дозволува влез на бегалците и мигрантите од Африка и Истокот во земјата, Салвини дури го употреби примерот на американските Индијанци: „Тие дозволија миграција. Сега живеат на резервации".

На референдумот во Унгарија, самото прашање беше: „Дали сакате Европската Унија да може да обезбеди задолжително преместување на неунгарски граѓани во Унгарија без согласност на Националното собрание?" Резултатите од референдумот наидоа на осуда во Европската Унија и го истакнаа фактот дека нема кворум за референдумот – излезноста беше помала од 50 %. Резултатите во исто време беа јасни, па дури и категорични. Во просек, 97 % од оние што гласаа беа против поддршката и прифаќањето на европските квоти за распределба на мигрантите. Ова ѝ овозможи на унгарската влада да продолжи доследно да води антиимиграциска политика, сега легитимно, во врска со волјата на унгарскиот народ.

Во март 2017 година, унгарскиот парламент донесе закон со кој се дозволува задржување и отстранување на мигранти. Во исто време, Унгарија донесе закон за

---

[123] Pirro. Al and Róna. D, "Far-right activism in Hungary: youth participation in Jobbik and its network",European Societies, 2019, стр. 603-626.

приведување на баратели на азил, и покрај осудата на ОН. Новиот документ усвоен во Унгарија пропишува да се забрани слободното движење на мигрантите низ земјата, регулирајќи го нивното движење. Мигрантите треба да се држат во затворени привремени кампови или транзитни зони на јужната граница со Србија додека миграциските служби не решат да ги примат или протераат од Унгарија. Овој документ наиде на остри негативни реакции во Европската Унија, Виктор Орбан дури беше наречен „ужасен младенец“ во медиумите. Сепак, тоа никако не влијаеше врз неговата политичка агенда.

Во модерна Европа, политичките слогани на националистички ориентирани политички движења добиваат сè повеќе на сила. Иако Унгарија предничеше со оваа реторика уште од 2010 година, вирусот на екстремната десница зафати голем процент од европското население. Ако пред неколку години, во контекст на прогласите за „мултикултурализам“ и толеранција, присуството на екстремно десничарските сили во структурите на моќ изгледаше бесмислено, а понекогаш и невозможно, денес гледаме како европската десница посамоуверено се движи кон врвот на моќ. Зголемената популарност на италијанската Лига се заснова токму на привлечноста кон традиционалните вредности; во соседна Австрија.

Унгарија, како практично мононационална земја, без предрасуди активно ја користи реториката на национализмот. Унгарија е таа што во моментот, во контекст на европската миграциска криза, зазеде една од најтешките (ако не и најтешката) позиции во однос на мигрантите и бегалците. На прв поглед не е јасно зошто идеите за национализам и евроскептицизам со години цветаат во европска земја што дури сега се соочува со прилив на странско-културни мигранти, а општествено-политичката ситуација не доживува критични моменти и меѓуетнички конфликти. Сепак, десничарските конзервативни националистички движења во Унгарија беа многу популарни во последниве години.

Најпознати такви движења се владејачката партија Фидес и ултрадесничарската партија Јобик, партии што ја водат Унгарија во последните 12 години. Во оваа смисла, Унгарија е уникатен феномен за Европа. Партијата Фидес – Унгарската граѓанска унија, важи за умерена партија од централнодесничарски карактер, за разлика од партијата За подобра Унгарија (скратено како Јобик), која важи за екстремно десничарска политичка сила. Нивната победа на изборите во 2010 година беше изненадување за демократска

Европа. Партијата Фидес е една од најстарите политички организации во модерна Унгарија. Партијата е основана во 1988 година од 37 студенти (името на партијата е скратено од Fiat DemokratákSzövetsége – Алијанса на млади демократи, Фидес), и оттогаш игра, и продолжува да игра, важна улога во политичкиот живот на земјата. Централните теми на политичката платформа на модерната Фидес се христијанските вредности, поддршка за традиционалните индустриски индустрии и приоритет на унгарските интереси пред европските, како и политиката на заштита и поддршка на унгарските малцинства надвор од земјата – особено во Романија.

Но, иако Фидес беше премногу националистичка и десноориентирана партија за вкусот на либерална Европа, таа во однос на Јобик е умерена варијанта. Во последните неколоку години популарноста на Јобик сè повеќе се зголемува. Ултрадесничарското националистичко движење добива сè поголема популарност, а со тоа и поголем број места во парламентот. Како што веќе беше споменато, националистичкото движење во Унгарија е претставено пред сè од две партии. Тоа се Фидес и Јобик. Политичкото движење Јобик (Движење за подобра Унгарија) се позиционира како „принципиелна, конзервативна и радикално патриотска христијанска партија“ чија основна цел е да ги заштити „унгарските вредности и интереси“.

Зборот „Jobb“ на унгарски значи и „најдобар“ и „право“. Ставовите на поддржувачите на Јобик често се опишуваат како неонацистички, антисемитски, антиромски, расистички и хомофобични. Исто така, партиските фигури зборуваат со иредентистички слогани за „голема Унгарија“, барајќи „територијална автономија“ за регионот Секели во Трансилванија и создавање независна унгарска област во Заткарпатска Украина (оние територии што биле одделени од Унгарија по Првата светска војна). Истовремено, треба да се земе предвид дека Јобик не е маргинална партија што ја нема поддршката од населението: на последните парламентарни избори во Унгарија, Јобик собра 20 % од гласовите, со што го обезбеди третото место во парламентот на земјата. За време на бегалската криза, гледиштата на Јобик беа насочени кон економските имигранти со закана дека приливот на нехристијански беглаци кон Европа ќе донесе пропаст не само за Унгарија туку и за цела Европа. Со многу остар став кон бегалците, се инсистираше кон затворање на границите, распоредување на војска, како и создавање посебни гранични патроли низ границите на Унгарија,

забрзување на процедурите за азил, како и создавање на само затворен тип на бегалски кампови[124].

Така, во Унгарија постои ситуација кога двете вистински политички сили се централно-десничарските и екстремно десничарските партии. Моментот што ги обединува е во антиимигрантската реторика и националистичките изјави на нивните лидери. Екстремно десничарскиот Јобик постепено ја демаргинализира и омекнува својата реторика за да освои се повеќе гласови. Тие постепено ги отфрлаат антисемитските изјави, но главно се фокусираат на зачувување на „вредностите и интересите на унгарскиот народ".

Во исто време, владејачката партија Фидес активно и успешно ја користи реториката на десничарските и конзервативните вредности, антимигрантската реторика. Антимигрантската реторика е еден од камен-темелниците на политиката на унгарските власти, кои секогаш ја добиваат поддршката од населението во својата земја, дури и ако тоа е проследено со осуда од официјалните структури на Европската комисија. Унгарија, како и другите земји од Вишеградската група, го игнорира итниот самит на ЕУ за миграција во летото 2018 година, свикан откако Италија ја објави потребата за ревизија на Даблинската регулатива, со тоа уште еднаш го потврди своето несогласување со какви било шеми за задолжителна распределба на мигрантите и бегалците меѓу земјите домаќини на Европската Унија.

Популарноста на националистичките движења во Унгарија сугерира дека антиимигрантските чувства се силни меѓу унгарското гласачко тело – и покрај фактот што Унгарија не е мултиетничка земја и не е земја домаќин со традиционално висок прилив на мигранти (како Франција или Германија).

## 5.2 „Европејците" и нивните ставови за миграцијата и бегалската криза

Согледувањето подобра перспектива во поразвиените земји од економска и културолошка гледна точка, како и дискриминацијата, непочитувањето на основните човекови права, малтретирањето, згрозувањето на животот, се причини што ги

[124] "Radical Right-Wing Political Parties and Groups", Civil Nation https://civic-nation.org/hungary/society/radical_right-wing_political_parties_and_groups/ , пристапено на 18.8.2023.

принудуваат граѓаните да ги напуштат своите матични земји и да заминат во странство. Така беше и во периодот на бегалската криза, кога масовно луѓето поради горенаведените причини се упатија кон ветените земји на Европската Унија.

Ваквите миграциски движења, предизвикани од економско-социјален аспект, како и од војните, имаа ефекти врз регионот, како и врз земјите домаќини на бегалците и мигрантите, со што се предизвикаа социјални, економски, културни и политички промени. Ваквите промени доаѓаат побавно, не се рефлектираат веднаш. Но тие можат на долг рок да предизвикаат сериозни нарушувања и не секогаш се добродојдени.

Според претходни искуства, како и моменталната ситуација на мигрантите и нивниот статус во земјите членки на Европската Унија, бегалската криза од 2015 година, освен што ја алармира Европската Унија, поттикна и жестоки дебати и грижа кај нејзините граѓани.

Студиите што го истражуваат влијанието на миграциските движења врз граѓаните и нивната перцепција кон бегалците, како и барателите на меѓународна заштита (азил), покажуваат дека повеќе од 60 % од граѓаните искажале загриженост дека во нивните земји има многу мигранти[125].

Културолошка промена, без разлика кој од каде е дојден, секогаш има одредена димензија на влијание како врз дојденците така и врз домаќините. Во нашиот случај, кога се во прашање поголема група дојденци; бегалци, баратели на азил или мигранти, првиот елемент што може да се забележи е групирање на родната група. Не секогаш по свој избор, бегалците и барателите на азил се сместени во кампови и центри од отворен, но и затворен карактер, каде што пристапот до некоја друга култура освен родната е речиси невозможен. Од дојденците во овие фази не е можно да се очекува каква било адаптација или усвојување на нови традиции или начин на функционирање. Од аспект на мигрант што добива престој во одредено населено место, се очекува генерално да се усвојат новите традиции, како и начин на живеење, но тука се поставува едно прашање, ако имигрантите не го најдат своето место или не се чувствуваат добредојдени од страна на домаќините, следува гетоизација. За жал, изолацијата на одредена група луѓе насочува кон сепаратизација, која води кон расизмот, национализмот, верската

[125] Victor Delag, “The conversation of Europeans to right-wing values. France, Germany, Italy and the United Kingdom”, Fondation Pour L’Innovation Oolitique, 05. 2021 https://www.fondapol.org/en/study/the-conversion-of-europeans-to-right-wing-values/, пристапено на 29.8.2023.

нетолеранција, неприпадност и културолошка нетолеранција во одредена заедница и кај домаќините[126].

Освен културолошките и демократските разлики, постои и повлијателен фактор, а тоа е политичко-економскиот фактор, кој дополнително го ограничува прифаќањето на бегалците од страна на земјите домаќини. Политичките влијанија од ултрадесничарскиот блок, особено во редовите на работничката класа, ги разжаруваат стравот, несигурноста, како и безбедносните прашања, обвинувајќи ја имиграцијата, како и бегалците, како причинители на сите проблеми со кои во моментот се соочуваат. Ваквите реторики, како и движења, особено може да се забележат во периодот кога одредена држава или регион поминува низ економска криза. Кризните периоди од социјален, економски, политички аспект, кои имаат директно влијание врз граѓанинот од аспект на вдомување, социјална заштита, образование, здравствени услуги, се периоди на зголемен националистички дискурс насочен кон „туѓинците“. Како пример можеме да јаземеме Велика Британија, поточно популистичката кампања на Фараж, кој во секој говор ги напаѓаше мигрантите и цврсто се спротивставуваше на прифаќањето на бегалците и имаше големо влијание за отцепување на Велика Британија од Европската Унија – Брегзит. Несигурноста поврзана со економската нееднаквост, поттикната од стравот околу културата и идентитетот, е соодветно искористена од екстремно десничарските партии. Дури и ако бегалската криза во 2015 година ги натера Европа и Европејците да пристапат со емпатија и солидарност, особено кон бегалците од Сирија, зголемениот бегалски бран од Блискиот Исток и Северна Африка поттикна појава на страв и несигурност кај граѓаните на Европа. Затоа, големото внимание предизвикано од бегалската криза беше насочено кон јавните дебати за миграциските прашања во овој период, кои сè уште се во тек. Европјеците, кои се разочарани од своите влади, како и од Европската Унија, сметаат дека екстремно десничарските партии се единствените партии што можат да обезбедат вистинска контрола на владеење на правото, како и да вметнат политики за миграциските прашања што ќе носат солуции, но исто така и придобивки. Но дали со сеграгација на ние и вие може да се обезбеди вистинско владење и дали вреди да се ризикуваат либерално-демократските начела? За да се разберат ефектите од бегалците и миграцијата, кои предизвикуваат легитимно

[126] Magdalena El Ghami, “Migration Crises and the Libiyan Gate to Africa”, 2016, стр. 41.

внимание и загриженост кај Европејците, постои потреба од пошироко истражување за да се инкорпорираат многу аспекти на ова сложено прашање.

# ГЛАВА VI

## 6. ЗАКЛУЧОК

За да излезе накрај со бегалските кризи и слични ситуации, на Европската Унија ѝ треба заедничка европска политика. Заедничките европски политики се донесуваат со консензус на сите земји члени на Унијата. Унијата нема механизми да наметне политики врз земјите членки доколку тие немаат интерес да ги преточат во сопственото национално законодавство. Европските вредности генрално се критериуми што секоја земја членка ги има исполнето пред стапување во полноправно членство во Унијата. Но по приемот во Унијата, членките се еднакви. И покрај фактот што тие ги прифатиле вредностите на Унијата пред влезот во полноправно членство, за нови ситуации и нови политики можат да не се согласат на нивна примена. Но тука се поставува прашањето „што потоа?“. Една таква нова кризна ситуација беше бегалската криза од 2015 година, кога на Унијата очајно ѝ требаше заедничка политика за разрешување на многу проблеми што се јавија со бегалската криза. И тука доаѓаме до прашањето за европските вредности на либералната демократија, почитување на човековите права и слободи и хуман третман на човекот поединец, дали се тие само декларативни заложби на членките на Унијата или се обврска без оглед на тоа која партија е на власт во поединечните земји членки. Со бегалската криза стана јасно дека одредени држави членки ги игнорираат овие прерогативи на Унијата и постапуваат во согласност со идеологијата на политичката партија или коалиција што е на власт. Од друга страна, неподготвеноста на Унијата да даде брз одговор на многуте проблеми предизвикани од бранот на бегалци влијаеше врз граѓаните на Унијата, кои, барајќи брзи решенија и за сопствените проблеми, се свртија кон ултранационалистичките и екстремно десничарските партии, кои промовираа нерационален национализам, како и политики што се спротивни со политиките и вредностите на Унијата. Еден од последните примери е Глобалната спогодба на Обединетите нации за безбедна, уредна и редовна миграција. Целта на

создавањето ваква спогодба е да се зајакне соработката на меѓународната миграција, глобално. Пред спогодбата да биде изгласана од страна на државите на ОН, овој документ беше незабележан од повеќето политички партии, како и од медиумите и јавноста. Но, по гласањето, таа ги поведе прашањата и загриженоста во Европа и во целиот свет. Иако ја промовира и ја нагласува важноста на соработката за меѓународна миграција во сите димензии и е силно поддржана од Европскиот парламент, истакнувајќи ја важноста на Универзалната декларација за човекови права, која мора да биде јадро на имиграциското управување заедно со обврската за меѓународно право, како Конвенцијата за бегалци, Унијата се соочи со незадоволство за текстот на документот од страна на некои нејзини земји членки. Популистички и екстремно десничарските партии во Европа ја критикуваа спогодбата со тврдење дека нациите губат контрола над својот суверенитет и граници. Тврдењето е дека спогодбата не се осврнува на разликите меѓу нелегалната и легалната миграција и дека барателите на меѓународна заштита (азил) се мешаат со економските мигранти.

Другиот пример е слободното движење низ Европската Унија, односно Шенген зоната, која доведе до потребата од создавање интегрирана политика за азил во рамките на Унијата, што пак беше причина за донесување на Даблинската конвенција, договорена од страна на земјите членки во 1990 година и ратификувана во 1997 година. За да се разбере начинот на кој Европската Унија и нејзините земји членки излегоа накрај со бегалската криза е исто важно како и да се разбере системот на Даблин, неговата намена и зошто не профункционира. Даблин не беше создаден за правична дистрибуција на бегалците меѓу земјите членки, беше воспоставен така што им се даваше можност на државите да ја преземат одговорноста за поефикасна и навремена обработка на апликации за меѓународна заштита (азил). Даблинската конвенција беше создадена како потреба за хармонизација на политиките за азил во рамките на Европската Унија. Но овој систем не профункционира во време на бегалската криза од 2015 година. Некои од причините зошто Даблин е неуспешен, односно неефикасен, се поради тоа што повеќето од апликантите за азил бараат заштита во други земји, а не од онаа каде што пристигнуваат. Нивниот трансфер во таа друга земји претставува и технички и физички сложена и скапа операција, која не зависи само од желбата и можностите на државата во која бегалецот е пристигнат туку и од желбите и можностите на државата наведена како посакувана дестинација.

Даблин системот ги стави во ризик и правата на барателите за азил од една страна, но исто така преставува и многу скапа алатка за Европската Унија, која како цел имаше регулирање на правата и обврските на барателите на азил.

Сето тоа води кон нерамнотежа на моќта меѓу државите и нивните интереси. Некои од земјите побараа интегриран систем и рамномерна поделба на одговорностите, други инсистираа да ги задржат своите национални права. Несогласувањето на земјите членки на Унијата во периодот на бегалската криза беше евидентнно. Источните земји како Унгарија, Чешка, Полска, Словачка одбија да ги споделат одговорностите околу барателите на азил и да прифатат рамномерна распределба, но, иако гласно не се побунија против даблинскиот систем, одредени западноевропски земји едноставно се воздржаа од преземање на одговорностите за прифаќање на барателите на меѓународна заштита (азил).

Во првите години по бегалската криза популарноста на екстремно десничарските партии низ државите на Унијата беше во подем, особено во државите што примија најмногу бегалци, како Франција, Шведска и Германија. Аналитичарите сметаа дека тој тренд со време ќе опадне и популарноста на екстремно десничарските партии во Европа ќе претрпи пад на идните избори. Но оваа претпоставка не се оствари. Изборите во Италија во 2022 година ги донесоа на власт Браќата на Италија (Brothers of Italy (FdI)), кои освоија 26 % од гласовите, и им овозможија да формираат коалициска влада. Моменталните истражувања покажуваат зголемена популарност на екстремно десничарската партија Алтернатива на Германија (АфД), која котира како втора најпопуларна партија во Германија, како и зголемена популарност на партијата на Марин Ле Пен со предвидување дека постојат објективни шанси таа да победи на идните претседателски избори во Франција. Во последните години Европа се соочува со бран на екстремно десничарски партии, кои сè повеќе заземаат политички позиции во своите држави, исто така се предвидува дека на следните избори за Европскиот парламент, кои требаа да се одржат во јуни 2024 година, ќе се зголеми бројот на претставниците од овој блок партии.

Реалноста е дека треба да се најде соодветна унитарна политика на регулирање на нелегалната миграција, но исто и дека цела Европа се соочува со недостиг на работна сила. Тука треба да се осврнеме кон интеграција на мигрантите и придобивките. Но тука би сакала да нагласам дека за разлика од други земји од Африка, Блискиот Исток и Азија,

земјите членки на Европската Унија уште креираат социјална инклузивност за сите нови граѓани со тоа што им нудат можности на дојденците, а истовремено и државите имаат корист од нив.

Интеграцијата на мигранти подразбира земјата домаќин и нејзините граѓани да не ги поттикнуваат етноцентрички вредности, како и скептицизмот кон новите граѓани, туку да ги примаат со разбирање и да им овозможат да се приспособат на новото општество. За да се осигури нивното вклучување во системот на земјите домаќини, на мигрантите и бегалците, без разлика на нивниот статус и можноста да останат во одредена земја, им се овозможува вдомување и задолжителна едукација или доедукација, во зависност од нивните потреби и желби. Со тоа се постигнува да се вклучат на пазарот на трудот, да бидат дел од системот, како и од социјалната природа на општествената структура.

Нагласувајќи го овој факт сакам да ја истакнам важноста на интеграцијата, како и општествената недискриминација и прифаќање, како еден голем фактор, особено важен во време на бранот на антимигрантски чувства што може да се забележи во Европа. Потенцирањето на одредени немири создадени од страна на „мигрантите“ или „дојденците“ поттикнува гнев, како и дискриминирачки чувства не само кај мигрантите, кои бараат подобар живот во развиените земји, туку и кај втората, па и третата генерација мигранти, кои се дел од општеството во земјите членки на ЕУ (примерот со Франција). Ваквите случувања влијаат врз општеството така што мигрантите што имаат тешкотии да се интегрираат, а со тоа и да најдат работа, се приклучуваат кон криминалните активности, наркобанди, како и кон тероризмот. Тие, како неприфатени и маргинализирани од општеството, се лесна мета на овие криминални групи, кои лесно ги регрутираат и ги користат за сопствени цели и приходи. И кругот повторно се затвора кај домицилното население, кое во овие криминогени структури не препознава индивидуи, туку мигранти припадници на определена етничка група, кон која се зголемуваат антимиграциски чувства и гневот, за на крајот да се канализира со поддршка кон екстремно десничарските партии.

Како што веќе е констатирано, она што Унијата мора да го преземе е целосна реформа на Даблин системот. Освен хармонизација на овој систем со националните системи на сите земји членки на Европската Унија, треба да се воспостави систем што, освен што ќе ги почитува правата на бегалците според Женевската конвенција

потпишана од страна на земји членки на Европската Унија и барателите за меѓународна заштита, ќе треба да ги земе предвид миграциските политики на секоја земја членка.

Наоѓањето на заеднички одржлива политика што ќе го регулира приливот на луѓе е круцијално. Исто така регулирањето, како и воспоставувањето контрола врз надворешните граници на ЕУ и споделувањето на товарот се меѓу важните процеси што треба да се регулираат. Екстернализацијата или релокацијата на кампови или привремени центри за барателите на азил е една од опциите што можат да го намалат големиот прилив на мигранти што како крајна дестинација ги имаат земјите членки на Европската Унија. Договорите со третите земји како што се Турција, Либија, Тунис, од гледна точка на првите земји при влез во ЕУ, се покажаа плодни. Но импликациите на ваквите солуции се кршење на човековите права, поточно правата на бегалците и барателите на меѓународна заштита (азил). При потпишувањето вакви видови договори со трети земји, еден од клучните аспекти е согледувањето на демократското право, како и правниот поредок на земјата, почитувањето на меѓународни договори, да бидат потписнички на Женевската конвенција 1951, како и константен надзор на овие центри од страна на Европската Унија и други меѓународни и невладини организации.

Затворањето на границите, миграциските рути, финансиската помош кон транзитните трети земји, како и создавањето центри или кампови за барателите на азил надвор од границите на Европската Унија, преставува само краткорочно решение, но и големо финансиско оптоварување на буџетот на Европската Унија. Сè додека европските земји не воспостават регуларни, законски, како и безбедни патишта за мигрантите и бегалците, проблемот со нерегуларната миграција, како и организираниот криминал, ќе продолжи. Финансиските пакети на Европската Унија треба да се насочат кон напорите за владеење на правото, како и напорите да се создаде терен за демократска транзиција на земјите од каде што потекнуваат бегалците и баратели на азил.

Најголем предизвик, но исто така и долгорочно решение, е да се создадат подобри интеграциски политики што ќе бидат ефективни и да се избегнат гета што водат кон создавање паралелни и поделени општества.

Деснокрилниот тероризам или расистичкото политичко насилство останува една од најопасните закани за западните демократии. Екстремното десничарско насилство директно ги загрозува темелите на демократската култура: плурализмот и толеранцијата. Оваа форма на насилство внесува страв кај своите жртви и го негира

монополот воспоставен насила со владеењето на правото. Ова значи дека дури и ако не е правно класифицирано како „тероризам“, екстремното деснокрилно насилство може да има долгорочни негативни ефекти врз демократските општества, особено кога таквите стуктури стануваат дел од полтитички партии кои се повеќе се истакнуваат во социјални и владини структури и влијаат кон донесување на одредени политики.

# ГЛАВА VII

## 7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

### КНИГИ


"Political Sociology", Routledge, New York*,* 2015

Aremu Johonson Olasebican, "Conflict in Africa: Meaning, Caouses, Impact and Solutions", International Multi Disciplinary Journal, Ethiopia, 2010

Byrd, D. & Miri, S.J. *Frantz Fanon and Emancipatory Social Theory: A View from the Wretched*, Leiden, Boston: Brill, 2020

Christopher Heath Wellman Immigration and Freedom of Association,The University of Chicago Press, 2008

Dobratz, B.A. & Buzzell, T. & Waldner, L.K, "Power, Politics, and Society: An Introduction to Political Sociology"*, 2019*

Erin, Miller, "Ideological Motivations of Terrorism in the United States, 1970-2016", College Park, Maryland, 11. 2017

Gary, M. J. "Surviving Mass Victim Attacks", Rowman & Littlefield, 2018

Jakob Schworer, Radical Right Movement Parties in Europe, Afd from the sreets to the Parliament, Routlege London and New York ,2019

James, J. & Kimberly.P, "Hate crimes: criminal law & identity politics",Oxford University Press, 1998

Jens Rydgren/Nonna Mayer, "Radical Right Movement Parties in Europe", Oxfort University Press, 2018, стр. 617

Joseph J. Collins, "Understanding War in Afghanistan", National Defense University Press, Washington, D.D. 2011

Lars, E. B. "The Anti-Islamic Movement: Far Right and Liberal?", *PhD Thesis,* Florence: European University Institute, 2018

Magdalena El Ghami, "Migration Crises and the Libiyan Gate to Africa", 2016

Mesežnikov, G. & Bránik, R, "Hatred, violence and comprehensive military training", Political Capital, Budapest, 2017

Michela Ceccorulli, “The EU Migration System of Governance, Palgrave Macmillan”, Switzerland, 2021

Pirro. Al and Róna. D, "Far-right activism in Hungary: youth participation in Jobbik and its network", European Societies, 2019

Raphael, S, “Against Old Europe: Critical Theory and Alter-Globalization Movements, Routledge”, New York, 2016

Robin Cohen, “Migration”, Andre Deutsch Books, London, 2019

Toğuşlu, E. & Leman, J. & Sezgin, İ.M, “New Multicultural Identities in Europe: Religion and Ethnicity in Secular Societies”, Leuven University Press, Belgium, 2014

Unni, T. and Puckett, K.M, “The Mystery of the Lone Wolf Killer: Anders Behring Breivik and the Threat of Terror in Plain Sigh”,Pegasus Books, 2017

Arikpo Lawerence Omini , Germany Has Fallen, Tredition GmbH, Hamburg 2018

**ДОКУМЕНТИ**

“Притсап до постапката азил, што треба да знаете”, EUAA

Convention and Protocol relating to the status of refugees, text of the Convention 1951, text of the Protocol 1962, United Nationa General Assebly

Marshall plan, Federal Ministry for Economic Cooperation and Developments, јануар 2020

New York Declaration for Refugees and Migrants, United Nationa, 2016

Pact on migration and asylum, European Commission, сптември 2022

Schengen Agreement and Convention, EUR-Lex

Договор од Лисабон, консолидирани верзии на Договорот за Европска Унија и Договорот за функционирање на Европската Унија, 2010

Конвенција за статусот на бегалците од 28 јули 1951 и Протокол за статусот на бегалците од 31 јануари 1967

## АНАЛИЗИ

Amnesty International, “Rich nations’ self-interes means refugee crises set to get worse, not better”,2016

Arjen Boin, Madalina Busuioc, Martijn Groenleer, “Building European Union capacity to manage transboundary crises: Network or leading-agecy model?”, Revolution and Governance, 2016

Associazione per gli Studi Giuridici sull’Immigracione-ASGI, “Hotspots-Italy”, 2023

AXA, “What is the Schengen Agreement?”

Civil Nation, “Radical Right-Wing Political Parties and Groups”

Clotilde Marinho and Matti Heinonen, “Dublin after Schengen: Allocating Responsibility for Examining Asylum Applications in Practice”, EIPA

Danielle Lee Tomson, “The Rise of Sweden Democrats: Islam, Populism and the End of Swedish Exceptionalism”, Brookings, март 2020

E-Inernational Relations , “The European Unions Respons to the Syrian Refugees”, април 2023

Erin. M, “*Ideological Motivations of Terrorism in the United States, 1970-2016”,* College Park, Maryland, 2017

European Insights, European migration policy and the rise of populism”

EUROPOL, “TE-SAT 2013 EU Terrorism situation and Trend Report “, European Police Office, 2013

Evanthia Balla,” The European Unions Respons to the Syrian Refugees”, E-Inernational Relations, април 2023

Foundation Four L’Innovation Politique, “The conversation of Europeans to right-wing values. France, Germany, Italy and the United Kingdom”, мај 2021

Freedom House, “Freedom in the World 2022”, 2022

Giulio Zanella, Laura Panza, Eik Swee , Marco Lecci “Historical anti-fascism and right-wing voting in Italy”, септември 2022

International Multi Disciplinary Journal, Ethiopia , “Conflict in Africa: Meaning, Caouses, Impact and Solutions”, 2010

Italian Culture, The Rebaranding of the Legal Nord, април, 2021

Lars, E. B, “The Anti-Islamic Movement: Far Right and Liberal” Florence: European University Institute, PhD Thesis, 2018

Lighthouse Europe, “Italy’s new government: new gamw changer of European politics”, ноември 2022

Luigi Limone, “EU-Afganistan ‘Joint Way Forward on migration issues’: another ‘surrealist’ EU legal text?”, Free Group EU, 2017

Magdalena El Ghamari, “Migration Crisis and the Libiyan Gate to Africa”. 1026

Martin Wagner, “2015 in review: how Europe reacted to the refugee crises”,International Center for Migration Policy Development, 2015

Mathilde Schmitt, “The Dublin Regulation, a Nightmare for Asylum seekers”, Sensus Student Journal, 2019

Medecins Sans Fronyier , “Italy-Libiya agreement: Five years of EU-sponsored abuse in Libiya and the central Mediterranean”, февруари 2023

Migration Data Portal, “Mogration Data in Northern Africa”, 2023

OTS, “FPO- Gruber: Wir wollen keener Asylquartiere, sondern einen sofortigen Aslstopp, Brigitt Thurner”, октомври 2022

Peter Nedergaard, “The Immigration Policy Turn: The Danish Social Democratic Case”, Kobenhavns Universite, мај 2017

Peter Nedergaard, “The Immigration Policy Turn: The Danish Social Democratic Case”, мај 2017

Pew Research Center, “Number of Refugees to Europe Surges to Record 1.3 Million in 2015”, август 2016

PRISM National Defence University, “Right-Wing Extremism and Terrorism in Europe Current Developments and Issues for the Future”, јули 2016

Reliefweb, “The cenral Mediterranean route: the deadlies migration route-In Focus-2”, 01.05.2018

S.Lehne, M.Muasher, M.Pierini, J.Techau, P.Vimont, M.Yahya, “The Rooths of Europe’s Carnegie Europe, “Refugee Crises”, 2015

Sensus Student Journal, “The Dublin Regulation, A Nightmare for Asylum Seekers”, окотври 2023

Sustainable Governence Indicators-SGI, “Austrian Report”, 2022

Think Tank -European Parliament, “Hotspots at EU external borders: State of play, 2020

Tirana Hassan, ‘Italy Events of 2022’”, 2022
UN, “Refugess and Internally Displaces Persond in Africa”,
UNHCR, “Syrian Refugee Crises-Globally, in Europe and in Cyprus, март 2021
Universidad Del Zulia journal, “ Right-Wing Populism in Center Europe: Hungarian Case”, септември 2020
Victoria Ceretti, “Italy-Libiya Memorandum of Undestanding: An affront to the fundamental human rights of migrants, refugees, amd asylum seekers”, март, 2023
Wesley Docker, “What is the Legal Nord and their policy towards migrants?”, јуни 2022

**НАПИСИ ВО МЕДИУМИТЕ**

Aljazeera, “Denmark set to keep anti-immigration policy regardlessof vote”, октомври 2022
Aljazeera, “Denmark set to keep antimigrant policy regardless of vote results”, октомври 2022
Aljazeera, “Syrian refugee crises: All your questions answered”, мај 2017
Anadolu Agency, “East Germany gripped by surging xenophobia Islamophobia”, ноември 2019
APNews, “How a party of neo-fascist root won big in Italy”, септември 2022
BBC News, “Spain Sánchez 'attack plot': Police arrest gun suspect”, ноември 2018
Deutsche Welle, “ Germany’s far-right AfD marks 10 years since its founding”, мај 2023
Deutsche Welle, “Austria to withdraw from UN migration treaty”, октомври 2018
Deutsche Welle, “German conservatives against UN migration pact”, јуни 2018
Deutsche Welle, “The astonishing rise of the right-wing Sweden Democrats”, септември 2022
Deutsche Welle, “Пет години од славната изјава на Меркел: Успеавме ли?”, август 2020
Euobserver, “Commission: outsourcing asylum’illegal’, after new Danish law”, јуни 2021
Euractiv, “Nine EU members stay away from UN migration pact”, декември 2018
Euroactiv, “Migration again a hot topic in Austria as Flows increase ‘dramatically’”, октомври 2022
Euroactiv, “Nehammer to team up with Nordic on EU migration transformation”, април 2023
Euronews, “Denmark passes a law to send its asylum seekers outside of Europe”, јуни 2021
Foreign Policy, “Germany’s Far-Right ‘Firewall’ Is Starting to Crack”, февруари 2023
New York Times, “For Marine Le Pen migration is a ready-made issue”, октмври 2015
Politico, “ Le Pen’s Le Pen problem”, јули 2018

Politico, “Austria sticking to veto on Schengen expansion, foreign minister says”, април 2023
Radi France Internationa-RFI, “How far has France’s far-right National Rally come in 50 years?”, октомври 2022
Reuter, “Denmark passes law to process asylum seekers outside Europe”, јули 2021
Reuters, “France arrests six over plot to attack Macron: official“, ноември 2018
Reuters, “French far-right leader says German seeking ‘slaves’ in migrants”, септември 2015
Reuters, “Half a million Afgans could flee across borders-UNHCR”, август 2021
Sengenvisa News, “EU Border Should Be Fenced by High and Stable Wall-Similar to US-Mexico Border, Austrian Chancellor Says”, март 2023
The Diplomat, “The Asymmetrical EU-Afganistan Cooperation on Migration”, мај 2021
The Guardian, “Austria’s Ibiza scandal’: what happened and why does it matter?”, мај 2019
The Guardina, “Swedish parties agree coalition with backing of far-right”, октомври 2022
Time, “An Island for ‘Unwanted’ Migrants Is Denmark’s Lates Aggressive Anti-Immigartion Policy”, јануар 2019
Washington Post ,“Suspected synagogue shooter appears to have railed against Jews, refugees online“, октомври 2018
The Atlantic, “ How not to welcome refugees”, јануар 2016

**ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦИ**

Amnesty International, “Refugees, asylum seekers and migrations”
Britannica, “Jean-Marie Le Pen”
Britannica, “National Alliance Political party, Italy”
EUR-LEX, “Schengen Agreement and Convention”
European Border and Coast Guard Agency- FRONTEX, European Union
European Commission, “Dublin Convention and Dublin Reguation”
European Union Agency for Asylum, “Пристап до постапката, што треба да знаете”
Inernationa Organization for Migration-IOM, “Irregular refugee Arrivals in Europe”
Migration Data Portal “Migrational data in Northern Africa”
UNHCR,“Global Trends 2022”
Секретаријат за европски прашања – СЕП, „Договорот на Лисабон 2010“